**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од од Петтото продолжение на Осумдесет и првата**
**седница на Собранието на Република Македонија,**
**одржана на 26 октомври 2004 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 10,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше г-динот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата, како и претставниците на Владата.

Продолжуваме со работа по 81-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Весналј Борозан, Емилоја Костадинова, Славица Станковска, Ванчо Георгиев, Рафет Муминовиќ, Нелко Стојановски, Андреј Жерновски, Зиди Џелили, Мендух Тачи, Љубчо Георгиевски, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Орданчо Тасев, Коце Трајновски, Али Ахмети, Ганка Самоиловска Цветанова, Абдулаќим Адеми ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на Точката 21 - Предлог за донесување на закон за телекомуникациите.**

Предлагачите на законот писмено го повлекоа Предлогот за донесување на закон за телекомуникациите.

Мислам дека ви е поделен тој писмен предлог за повлеквуање.

**Минуваме на точката 22 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска радио-телевизија, со Предлог на закон.**

Предлагач е Владата на Република Македонија и Министерството за транспорт и врски.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на закон, Извештјот на Комисијата за транспорт, врски и екологија и Дописот на ЗПК ви се доставени, односно поделени.

Отворма претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ве молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор го заклучувам претресот.

Треба да пристапимекон гласање на заклучокот.

Ги молам службите да кажат колку вкупно се запишани и дојдени пратеници.

Бидејки се дојдени, така да речам на работа, затоа што сме професионалци, само триесетина, давам пауза до 10,30 часот.

(Пауза од 10,05 до 10,32 ).

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот, да видиме колку сме.

(Службите го утврдуваат бројот).

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Во салата се присутни 61 пратеник.

На Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменвување и дополнување на Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска радио-телевизија, со Предлог на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеника , 46 за, 1 воздржан, 6 против.

Во салата беа присутни 63 пратеници во времето на гласањето.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 50 пратеници, 47 за, 1 воздржан, 2 против.

Во салата се присутни 65 пратеници.

Констатирам е усвоен прелдогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман за менување на член 3 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Јани Макрадули поднесе амандмани на член 1 став 2 во новиот став 3 и на член 1 став 2 во новиот став 2 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Љупчо Балковски и Марија Којзеклиска поднесоа амандман на член 1 за бришење на ставот 2 по кој Владата не се произнела.

Отворма претрес по амандманот на член 1 за бришење на став 2 поднесен од пратениците Љупчо Балковски и Марија Којзелиска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор?

Повелете госпоѓо Којзеклиска, имате збор.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Благодарам претседателе.

Навистина ми е жал што Владата не го прифати овој амандман. Сигурно има добро образложени. Меѓутоа, моето образложени по мојот амандман, пратениците кои не успеале да го видат, сакам да им укажам дека со овој амандман бараме новиот став 2 што се додава, а кој што гласи:

“ Јавно претпријатие Македонска радио-телевизија, преку третата телевизиска мрежа на Јавно претпријатие Македонска радиодифузија ќе емитува директни и одложени преноси од седници на Собранието на Република Македонија, како и од други активности на Собранието на Република Македонија и на неговите работни тела.

Со Одлука, Собранието на Република Македонија ќе ги утврди условите и начинот под кои Јавно претпријатие Македонска радио-телевизија ќе ги обавува овие функции”.

Овој амандман практично значи или тоа што бараме ние да се брише овој дел, а што е предложен од страна на Владата, всушност сит енаредни седници дирекни и одложени од Собранието на Република Македонија ќе бидат емитувани сигурно во скратена верзија. Не сигурно, туку најверојатно во скратена верзија и во ваков случај се доведува во прашање како граѓаните на Република Македонија ќе имаат можност дирекно да ги следат седниците на Собранието, дирекно да бидат вклучени во расправата на Собранието на Република Македонија и да можат да ги видат ставовите и на позицијата и на опозицијата.

Друга работа што сакам да ја кажам, имавме полемики со директорката на Македонската радио-телевизија, во однос на третата телевизиска мрежа.

Почитуван претседателе и почитувана Владо,

Третиот канал на МРТВ не го покрива целото подрачје на Република Македонија. Тоа на сите треба да ни е јасно. Сите градови во Република Македонија имаат кабелски телевизии. Значи се кабелски оператори. Таму, МРТВ е застапена со каналот 1, Првиот канал и Второто канал. Третиот канал на МРТВ никаде не може да се следи преку кабелските оператори.

Е сега, ако територијата на Република Македонија е непокриена со третиот канал, тогаш како ќе можеме, како ќе можат граѓанит ена Република Македонија да го следат она што се случув анапленарните седници во Собранието на Република Македонија, на крајот на краиштата да дадат заклучок, или да го слушнат ставот што нивните пратеници го презентираат.

Имаше некое писмо од генералниот директот на Јавно претпријатие Македонска радио-телевизија, доставено до нас пратениците на 20.10.2004 година. Или, тоа е концепт за концепирање на телевизискиот канал на Собранието на Република Македонија, каде имаме некој програмски дел, имаме финансов дел, меѓутоа сето ова ќе падне во вода и ништо нема да ни значи доколку се усвои овој Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија, од птичините што ги наведов.

Уште еднаш ќе ги повторам, третиот телевизиски канал на МРТВ не ја покрива територијата на Република Македонија. Со овој закон Владата предлага сите седници, и дирекни и одложени и седниците на работните тела да бидат пренесувани на тој Трет канал.

Која е целта и суштината на Владата, јас навистина незнам, секако да ги елиминираат пратениците од нивно репрезентирање во Парламентот, искажување на нивните ставови и, на крајот на краиштата тие се претставници избрани од народот. Значи, ние сакаме на овој начин, со ваквиот закон да го замолчиме овој највисок законодавен дом, да не се гледа што се случува во Парламентот, независно дали се работи на пленарни седници или на работните тела. Ќе имаме еден информативен мрак, како што мислат вработените во МРТВ ќе го пуштат како одложен или директен пренос тој дел што им, а најверојатно нема да има ни дирекни преноси, туку исклучиво ќе имаме одложени.

Затоа апелирам до пратениците во Собранието на Република Македонија, да го подржат амандманот и да гласаат за, токму за да се спречи тој информативен молк што се сака да се наложи со овој Предлог за измена и дополнување.

Најмногу очекувам подршка од колегата Јани Макрадули да гласа за, затоа што инеговиот амандман малку во пософистицирана верзија, поблага верзија се однесува токму на ставот 2.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Од овие кои се додатно пријавени, дали има некој за реплика?

Повелете г-дине Михајловски имате три минути реплика.

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Почитуван претседателе, претставници на Владата,

Изгледа дека колешката Којзеклсика не ја разбрала поентата на законот.

Прво, најавуваната трансформација ја начнавме уште пред 15 години. ништо не сме направиле како парламентарен дом. Што сакаме да постигнеме со ова? Целта е, се нуди третиот канал да биде директно парламентарен канал. Не знам каде гледа мрак кога се предлага програма од 10 часови дневно. Дури, се предлага и нешто ново,квалитетно, а тоа е ПРЕС со пратеници, организирање конференции, изнесување на ставови и мислења, дури пратениците ќе добијат свој тајминг да можат да ги искажуваат своите ставови. Што значи Третиот канал се отвора целосно кон јавноста. Дури ние вака ја држиме во заблуда јавноста. Еден приајтел ме прашува, и тоа пријател интелектуалец “што ви значи став 3 точка 5 раздел 6”. Што значи сега и амандманите ќе може да одат во појасна форма.

Отвораме веп страница, што е нов квалитет. Дури се предлага интерпарламентарно тело да може да ги оргаизира ПРЕС-овие, да може да ја организира работата на овој канал. Јас не гледам тука некаков мрак, тукугледам отвореност на каналот кон ова.

Друго, треба да ја прифатиме вистината дека со ова телевизијата нема да ја чини ништо. Значи, ја поефтинуваме вкупната програма на макеоднскиот - инфорамтивен сервис. Што значи третиот канал нема да чини ништо.

Понатаму, заблуда е дека се вели - ќе биле одложени преноси. Се предлага одложени одложни преноси само на седниците што не можат вопакет да се спакуваат еден ден. Што значи ќе се правиприлог за комисиите. Додека седниците одат во изворна форма, онака како што ќе тече тука. 10 часа дневно не е малку.

Дури, во тој канал се предлага и нешто ново. Медиумско дизајнирање, да влезе дел од програмата од културното наследство, избрана македонск амузика,

што сметам дека концепциски овој канал се прави канал со сите вредности што треба да ги има еден таков канал. Не гледам мрак.

И друго, само да завршам, во моментов се прават три предаватели што ќе ја покријат територијата на Република Македонија. Во Крива Паланка се прави кон Бугарска граница предавател и уште два предаватели во внатрешноста на Македонија и мислам дека Советот за радиодифузија ќе влезе во обврска...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Благодарам.

Имате една минута госпоѓо Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛСИКА:

Благодарам г-дине претседателе,

Прво, нес е 10 часови, незнам колегата од каде ги најде, со тоа што гоимаме како концепт се  8 часови. Тоа е прво.

Второ, ПРЕС-овите  се индивидуална работ апочитуван колега. Дали ќе ги има, дали ќе гинема, тоа зависи од нас пратениците. Не знам колку ПРЕС-ови вие досега сте одржале, меѓутоа според моите сознанија ниту еден.

Трета работа, вие реквоте дека за ова не треба пари. Тука во концептот пишува дека треба да се набават 6 камери, да се набави не знам што се, 178 илјади евра и на крајот на краиштата мене предавателите, трите што се градат, апсолутно ништо не ми значат. Во овојмомент ниту еден граѓанин на Република Македонија ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете г-дине Ѓорчев имате збор, а пота нека се подготви пратеникот Караџоски Жарко.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Почитуван претсеателе, почитувани дами и господа пратеници,

Во мојата дискусија ќе се обидам да дадам свое видување како јас го гледамовој амандман и тоа не само од аспект на парламентарните, би рекол интересите на Парламентот, туку пред се од аспект на тоа што претставува работење на Јавно претпријатие Македонска радио-телевизија.

Најпрво, овој амандман има за цел да ја дефинира улогата на информацијата, уште еднаш да повторам, еднаш за тоа огворев на 27.06.2003 година,  за разликаод приватните телевизии има друга димензија, тоа е инфорамција што го штити државниот национален интерес. Односно, ја афирмир аулогата на државата, улогата на Парламентот како оснивач на МРТВ и на такво начин ова Собрание е единствено

мериторно да реши на кој начин и како ќе се одвива работењето на Првиот, Вториот , Третиот или не знам кој канал на МРТВ.

Отука, со овој амандман се отвора една димензија на тоа дека МРТВ, како што стои во целите, да биде конкурентна како една од целите што се наведени во образложениeто на овој Предлог на закон, конкурентна како на домашниот така и на странскиот Пазар, туку сосема спротивно МРТВ не може да биде конкурентна. МРТВ, на овој начин, како што беше предложен овој Предлог на закон во минута до 12, со вметнување на дневен ред а седницата , основачот се става во подредена состојба на самата седница да го разгледув аконцептот, на самата седниц ада решава за Предлогот на законот, на самата седница да дебатира, иако ние сме единствени да повикаме како треба да биде организирана МРТВ.

Од тие причини ќе гласам за амандманот, затоа што сметам дека целиот овој концепт како што е предложен и со начинот на кој што кажува дке ане бара нови пари од Буџетот не може да биде добар. Нема да го штити националниот државен интерес, вклучително на тоа автоматски и интересот на основачот, а тоа е Парламентот, туку со скратувањето на многу програми, односно со скратување на едне канал и префрлањето на трет канал има потреба од многу пари. Има потреба да бид епокриена мрежата на третитоканал низ цела Македонија,  имапотреба да се обезбедат други средства што ќе бидат потреба за заштита на спортскито , културниот и другиот вид на национални интереси, ќе се стесни просторот за застапување на државните интереси и, итекако се потребни средства во Буџетот на Република Македонија. Ако вака приједеме кон ова Јавно претпријатие ако основачи и да кажеме дека средства во Буџетот на Република Македонија за тој закон не се потрбни, тогаш Јавно претпријатие Македонска радио-телевизија, Ќе дојде повторно во дисфункција, целите нема да бидат реализирани, организацијата нема да биде таква каква што сакаме ние како основач, потребните кадри, најголем број со овие трансформациони облици на издвојување на Секторот за истражување маркетинг, дизајн и договор за деловно-техничка соработка со музичките студија ќе создаде многу проблеми во квалитетот на МРТВ.

Отука, сериозно сметам дека овој амандман отвора димензија за друга функција на МРТВ, а тоа е дирекно помагање од буџетските средства за развој, на она што значи квалитетно информирање, заштита на државниот интереа и информацијата, во интерес како стратешка точка на граѓаните на Република Македонија . Ако вака се гледа амандманот, тогаш ќе има смисла и оправданост да го подржиме, затоа што на крајот на краиштата ние сме основачи, ние со одлука

решаваме на кој начин и под кои услови МРТВ ќе обезбеди да биде јавен сервис на граѓаните на Република Македонија, а вака како што е сега прелдожено, пак ќе кажам во процедура што е непримерна беше поднесен материјалот минута до 12, вметнат во седница, без да се разгледа по комисии, без да се разгледа концептот така како што треба да се разгледа и на ваков начин основачот се става во подредена состојба.

Во образложениеото убаво се кажува дека Валдата го разгледувала на 86-та седница, Владата одобрила, Владата имала време, но Владата не е основач на МРТВ. Основач е Собранието. Според тоа,немавме доволно време, немавме доволно можности, а на крајот на краиштата со Предлогот на законот не се обезбедуваат доволно средства за МРТВ да биде тоа што треба да биде, национална телевизија што пред се ќе ги штити интересите на македонските граѓани.

Затоа предлагам овој амандман да го прифатиме и во скоро време, јас како пратеник ќе предложам измени и дополнувања, затоа што оваа скратена процедура за овој закон, затоа што оваков каков што е предложен, апсолутно ќе доведе до дисфункција на МРТВ, немање доволно средства, неквалитетни информации, отпуштање на вработени и на крајот на краиштата губење на самото богатство во архивите на МРТВ. Тоа значи повторно проблем за нас, повторно дебата тука и пак ќе се најдеме на почетокот. Се додека не разбереме дека јавниот интерес се помага со јавни пари, тогаш нема да имаме квалитетен јавен сервис во доменот на инфорамциите.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ви благодарам,

Повелете г-дине Караџоски, а потоа нека се подготви Џевдет Насуфи.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Јас ќе се осврнам со дискусија по амандманот и веднаш да кажам дека нормално и логички е дека овој амандман ќе го подржам. Сакам да кажам зошто.

Ако го погледнеме текстот на законот, главната и суштинска измена на Законот се токму ставовите 2 и 3, меѓутоа сепак најглавната измена е ставот 2. Тоа е буквално целиот закон. Другите членови и не се кој знае што. Заради тоа нашиот амандман што е предложен да да се брише ставот 2.

Клучната измена е токму во тој став, во членот 1. Ние и јас лично сметам дека не е во ред ставот 2 и дека зад тоа се крие нешто сосема друго. Потврда за тоа, претседателе, имавме и денеска, на оваа седница, многу се побрза, што побрзо да се заклучи расправата за да, дури претставникот на Владата па и директорот на МРТВ не почувствуваа ниту потреба да објаснат што се предлага. Сега овде слушаме дека каналот 3 ќе биде за презентација на она што се работи во Собранието за на народот да му биде појасно што се се работи. Па, како да му биде појасно  кога ниту предлагачите не чувствуваат потреба да објаснат која е таа измена и што граѓаните во иднина ќе ги очекува со укинување на каналот 2, односно со укинвување на дирекните преноси на Собранието на Република Македонија, поточна на сето она што значи активност овде во Собранието и префрлањето на Канал 3, односно на третиот канал.

Значи, предлагачите не почувствуваа, значи се поврза што побрзо да е заклучи, не е тука опозицијата и дајте да ја затвориме што побрзо расправата. Не ве обинувам вас претседателе. Вие работите по Деловник, меѓутоа претставниците на Владата беа тука. Аконе заради опозицијата, заради граѓаните можеа да кажат три реченици која е смислата на овој закон.

Не ве обвинувам Вас претседателе вие си работите по Деловник, меѓутоа претставниците на Владата беа тука и ако не заради опозицијата, но и заради граѓаните можеа да кажат три реченици која е смислата на овој закон, а не тоа да го прават по ходници да не убедуваат, еве една недела што значи законот.

Јас ќе кажам и друго. Не така одамна кога Управниот одбор на Македонската радио телевизија најави, мислам дека и донесе една одлука да се укинат директните преноси на Собранието на Македонската телевизија, поточно расправаше по таа работа и ја упати овде во Собранието, до вас претседателе ние како основачи, како Собрание да одлучиме по таа работа. Меѓутоа тоа беше онаа почетна иницијатива, затоа што, најверојатно, сите загуби на Македонската радио телевизија се должат на тоа што ги пренесува седниците на Собранието. Така го сваќам и овој закон, така ја сваќам и претходната иницијатива, ако не се директните преноси на Собранието, Македонската радио телевизија ќе работи со добивка. Бидете сигурни во тоа.

Очигледно, некој овде почитувани колеги зад сето тоа, на некој начин сака да ја замолчи опозицијата затоа што, најверојатно, гледајќи ги седниците на Собранието многу е јасно кој зборува а кој молчи и ова е можеби добар начин да се замолчи опозицијата, покрај оние измени во Деловник итн. Но, тоа е првиот чекор,

опозицијата да се заќути или тука некаде 7 до 10 пратеници кои нон стоп зборуваат, па еве, можеби на граѓаните им станавме досадни, па се сети предлагачот како да го направи тоа да не бидеме повеќе досадни. Меѓутоа, јас сакам да потсетам на една работа. Сепак пратениците се бирани од страна на граѓаните и за нашата работа, најсоодветен начин како тие да не следат. Како ќе не следат ако не не гледаат, ако не сме присутни на јавниот медиум, Со прикаски, со раскази, со извештаи кои ќе ги монтираме кој како сака, или со пренос на Канал 3? Канал 3 јас не знам кој го гледа во Републиката. Никој. Прашајте луѓе не ни знаат дека има Канал 3, затоа што сите оние кои имаат кабловска тв, на Канал 3 или на таа програма гледаат спортска кладилница. До ден денес ништо не е преземено тој канал да се гледа. Слушнавме образложение, не знам дали од претставникот на Владата или од директорот на Македонската радио телевизија дека задача е на Советот за радио дифузија, со своја наредба да даде можност тој канал да се гледа на кабловските телевизии. Меѓутоа јас ќе поставам едно вакво прашање: до ден денес Советот за радио дифузија не успеал да го отвори или да го реши тоа прашање, во однос на цената која ја наплаќаат кабловските телевизии, а камо ли да наметне што да пренесуваат. Така што, тоа е само да се каже дека некој друг има овластување кое треба да го спроведува.

Сега да се вратам и на оние други дускусии што ги кажа господинот Ѓорчев.

Се се носи минута до дванаесет што сето тоа упатува на она што го зборуваме, законот доаѓа по итна или по скратена постапка, без можност кој знае колку да се слушне јавно мислење, да се слушне мислење на некои други, се е за нас итно и на овој начин треба да се спаси Македонската радио телевизија. Зошто да не се слушнат и други стручни, еминентни луѓе, што ќе кажат во делот, ако е проблемот во загубите итн. Ние секоја година овде расправаме по однос на Извештајот на Македонската радио телевизија и никогаш во тие извештаи не сме кажале дека директните преноси на основачот треба да бидат укинати. Што друго треба да се прави, за тоа е таму раководниот тим, тој треба да се презема обврски и нормално Управниот одбор и овде нас да не известува, а не да удира по она што значи демократија.

Да не должам, најверојатно ќе се вклучам и по текстот на законот. Бришењето на став 2 од овој член односно нашиот амандман, може да ја спаси работата доколку сакаме да ја зачуваме демократијата во Македонија, да овозможиме гледаност на Македонската радио телевизија на вториот канал, на сите

граѓани во Република Македонија, така како што и овој канал во овој момент е достапен, седниците на Собранието и се она што значи работа на Собранието. Се друго оди во правец да се замолчи опозицијата, поточно да не се гледа Собранието и граѓаните дури да не знаат што се случува овде, можеби и нешто нарочито не се случува, меѓутоа сепак се должни и имаат право да гледаат што ние овде работиме и далив чесно си го заработуваме лебот. Ако тоа право им го скратиме, нема да знаат ни што работиме, ни кои закони сме ги добиле. Извештаите никој не ги гледа, тоа да ви биде јасно. Затоа и јас предлагам, мислам дека и пратениците на позицијата треба да се замислам затоа што на овој начин директно и тие ако гласаат за овој закон или против овој амандман, им прават услуга само на министрите, ами сами си ја кратат својата позиција затоа што и тие се пратеници, да ги потсетам, затоа што и нивното право, можеби некои од нив ќе прозборат еден ден, кога ќе бидат опозиција, сигурно, ама тогаш ќе нема кој да ги гледа.

Тоа за предавателите, тоа е отом потом, како би рекол некој. Меѓутоа во овој момент факт е дека Канал 3 не е покриен и не го гледа цела Македонија. Значи тоа е едниот проблем и вториот што на кабловски телевизии никаде го нема, а сите ние знаеме колку е кабловската телевизија распространета во ањ.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господини Насуги имате збор.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Благодарам господине претседателе.

Бидејќи Собранието на Република Македонија е основач на Македонската радио телевизија, разбирливо е дека и во текот на предлагањето на законот, измените и дополнувањата, треба секогаш максимално да се внимава во однос на следното, од причина што преку овој медиум фактички се создава јавното мислење, се подготвува јавноста и на некој начин се опремува и населението, да се информира вистински и правилно за тоа што се случува не само во Парламентот, меѓутоа и пошироко. Сега овде постои Третиот канал како едно од основните прашања, за што и се говори во предложениот амандман.

Треба да го потсетам овој Парламент, парламентарците меѓутоа и еден дел од јавноста дека Третиот канал од основањето е наменет за програмата на албански јазик. Тоа е неоспорен факт. Тоа е во функција на реализирање на еднаквоста и рамноправноста на албанците во однос на информирањето на

албански јазик во Република Македонија. За да биде и потрагично, ние сега се соочуваме со закон со кој на ниеден начин не се обезбедува емитување и квалитетен пренос на албански јазик преку ова јавно претпријатие. Тука конкретно ќе се задржам на опремата во Студиото ТМЕ, кое, за жал е платено за албански јазик и до ден денес не се употребува.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За амандманот зборувајте.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Се тоа што го зборувам е во однос на Третиот канал, господине претседателе, бидејќи таа опрема сега ќе оди во студиото на Канал 3 на кој се пренесува, исто така, програмата на албански јазик.

Исто така го поставувам и другото прашање, а тоа е, зошто од средствата кои беа доделени, 5 милиони марки, од страна на поранешната Влада, со кои се купи опремата, останаа речиси уште 4 милиони марки кои не се во прилог на тоа да се доопреми програмата на албански јазик.

Предлагачот на законот требаше да има предвид дека треба да го регулира и статусот на редакцијата на албански јазик при Македонската радио телевизија. Не може програмата на албански јазик да биде само една програма како што е некоја спортска програма на македонски јазик, или програмата за култура. Тоа е редакција со свои програми.

Вие гледате дека од самиот наслов на законот што предлагачот на законот не го видел за оправдано ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Насуфи, држете се до амандманот, инаку третиот пат ќе ве прекинам.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Вие сте направиле и една повреда на Деловникот затоа што на таен начин сте поставиле на дневен ред некои точки. Дури и пред време сте ја затвориле општата расправа. Не е коректно, за еден значаен документ ние да не дискутираме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ако мислите дека јас вас ќе ве чекам пола час, грдно се лажете.

Ве молам зборувајте по амандманот.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Ние сме биле на време, меѓутоа и за тоа вие треба да најдете време, во текот на денот.

Да кажам, со можностите за измена на овој закон кој се многу незначајни ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Макрадули имате збор.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе, колешки и колеги пратеници.

Да бевме на време тука ќе ја дискутиравме потребата во општата расправа, но сега мора да расчистиме некои дилеми кои се јавија овде по расправата на амандманот, а и со тоа што бев прозван. Притоа морам да напоменам дека ме чуди како може да се тврди дека е донесен на некој таен начин кога Комисијата расправата за ова, матичната Комисија за екологија, транспорт и врски, учествувале претставници од ВМРО-ДПМНЕ и дале свој придонес во работата на Комисијата и мислам дека е неодговорно да се каже дека е работено на таен начин.

Тоа што квази експертите од ВМРО-ДПМНЕ го повлекоа Законот за телекомуникации, па вие мислевте дека ќе има расправа по тоа, никој не е виновен, и граѓаните да бидат заложници на доцнењето на пратениците.

Што се однесува до амандманот тука конвергираме во ставовите. Јас тоа неколку пати го кажав на ТВ дека сум против укинувањето на директните преноси од работата на Собранието и од седниците на Собранието и во една подолга координација што ја имавме, а и после амандманот на Владата, што дојде, и по дилемите што ги расчистивме, ние ќе го поддржиме овој закон и ќе кажам од кои причини.

Прво се воведува нова содржина, за тоа што зборуваше господинот Јордан Михајловски не сакам да се повторувам. Значи, не само што не се укинуваат седниците на Собранието, туку се додаваат нови содржини на работата на парламентарците каде тие ќе можат и да одговараат на прашања од гледачите и можат да дебатираат и на парламентарниот клуб местото му е на парламентарниот канал. Прашањата што често ние ги заборавме и граѓаните не ги посетуваме редовно, ќе имаме прилика да мораме да се појавиме, па тогаш ќе знаат каде се и колку се одговорни пратениците и не само тоа, туку ќе се зголеми и транспарентноста на работата на Собранието, не само од седниците, туку и од

работата на комисиите, што мислам дека е многу битно, за што малку посветуваме внимание и не знаеме дека и се одржале.

Следна работа во однос на амандманот кој се укинува и образложението за кој што амандманот го укинува ставот 2, се однесува на покриеноста.

Јас побарав информација од ЈП Македонска радио дифузија. Да не имитирам некој пред мене, еве ја покриеноста од предаватели низ Република Македонија. Има 69 радио дифузни објекти од кои се емитува третата тв мрежа, што е најнова телевизиска мрежа. А господине Насуфи и јас сакам да знам каде се парите и опремата за ТМЕ студиото. Многу сакам да знам каде се отидени тие пари и зошто не профункционирало и што се случи.

Покрај тоа, овој амандман ќе влезе во решавањето на проблемот на програмата на заедниците. Јас тука имав, без разлика што се од нашата парламентарна група, остра дискусија со господинот Кенан Хасипи кога повикуваше за бојкот. Но, ова е решението. Ние во Собранието треба да донесеме решение. Сега втората програма останува програма на заедниците, а технички и технолошки сме способни да ја емитуваме на третата мрежа, тука да не влегуваме во техничка експликација, разликата меѓу мрежа и канал, не сакам да глумам експерт, за тоа има некои други што мислам дека се експерти, дека технички е изводливо да може да се емитуваат на македонски и на албански во третата мрежа која ќе допира до граѓаните, или граѓаните ќе си избираат кој тон ќе го слушаат.

Дали било одговорно, или неодговорно некој што во 2000 година вовел трета мрежа, без да има финансиска анализа, тоа е друга работа. Но еве да не се враќам назад. Дали некој претпоставил дека со истата претплата, со она ниво на собирање на претплатата, колку што ја имаме, да биде кадарен да воведе цела трета мрежа, значи не само канал, цела трета мрежа која бара и своја програма и вработени и техничка опрема итн. Но, се враќаме на дилемата на покриеноста. Реков технички може.

Она што е проблем во овој момент, тоа е неодговорниот однос на кабелските дистрибутери кои не ја почитуваа одлуката да мораат да емитуваат програми од јавен национален радиодифузен интерес. Тука е нашата задача и како Собранието, што треба да го потсетиме, или да интервенираме во Советот за радио дифузија, бидејќи тие се избрани од нас, од Собранието, кабелските оператори и дистрибутери да го емитуваат и третиот канал. Јасно ви е на сите, бидејќи во поголем дел во Македонија, како што беа дадени примери, бидејќи тој канал оди на програмите на заедниците, немаат интерес тоа да го уфрлат во својот спектар или

во својата листа на канали, но се обврзани тоа да го направат и мислам дека наша задача како Собрание ќе биде, тоа да го направиме. И она што предлагате вие да се брише, а јас мислам дека е многу битно тоа, во членот од предложениот закон пишува дека со одлука Собранието ќе ги утврди условите и начинот под кој Јавното претпријатие ќе ја извршува ова функција. Значи повторно сме ние тие кои ќе ја диктираме целата работа. Затоа сум за тоа да не престанат емитувањата на директните преноси, затоа сум и поднел таков амандман пософистицирано да делува. Но, повторно на нас ни останува задачата и можноста да ги дефинираме сите работи поврзани со емитувањето на преносите и снимките од комисиите, или преносите, зависно каква ќе биде комисијата, на третата мрежа или Канал 3, на кој ќе може повторно транспарентно и нема да се укине целата работа на Собранието.

Да напоменам само уште нешто, тоа е од интерес на јавноста, во амандманот на Владата, влегува во сила после 4 месеци кога дефинитивно сите ќе бидеме убедени, предлагам да има и една собраниска комисија која ќе го провери сето тоа, дека после 4 месеци покриеноста ќе биде таква, да може да се задоволат сите граѓани во Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине Џевдет Насуфи, имате реплика.

Повелете, имате три минути.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Пред се јас не сум камалеон. Јас сум достоен на моите ставови. Вие господине Макрадули сте на власт, вие треба да ги најдете тие пари и да истражувате кој ги има земено тие пари.

Јас ќе ви кажам дека инагурацијата на Третиот канал е направена некаде при крајот на мандатот на Владата во која јас учествував. Ако мислите дека ние сме ги земале тие пари, не сме имале можност тоа да го направиме. Затоа вие треба да ги изнајдете тие средства. Затоа и го поставувам прашањето. Овде е заменикот директор и директорот. Добро би било да е тука и министерот.

Каде е статусот на редакцијата на албански јазик во Македонската телевизија и во радиото. Зошто заменикот отиде од телевизија, бидејќи му ветивте на господинот Ким Мехмети. Овие се животни и значајни прашања за кои треба да говорите и вие господине Макрадули и другите епитети од интерес на сите граѓани. И начелно го поставувам ова прашање и за ова прашање ние доколку сакаме да имаме правилна информација, ние неможеме да продолжиме понатаму вака.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За контрареплика се јави господинот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Апсолутно се сложувам дека граѓаните треба да знаат каде се парите. Ама вие кога ќе бидете на власт и кога Македонската телевизија со кредит ќе купи хотел од 20 милиони денари па ќе ги префрли на тековна сметка на приватно лице и за што зборуваме сега? За камелеони? Зборуваме за корупција, или за што? Јас се сложувам да ги најдеме парите и затоа ги повикувам тука и обвинителот и МВР да си ја завршат работата. Како може Јавното претпријатие МРТВ да си купи хотел, па ги префрлил парите на тековна сметка. Тоа што се вика, не се вика камелеон, се вика корумпирана власт.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави господинот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Јас би реплицирал во оној дел каде што господинот Макрадули сакаше да каже дека, еве заради наша вина, бидејќи не сме биле присутни тука кога почнала расправата, заради стручњаците од ВМРО-ДПМНЕ кои го повлекле законот, претходната точка. Господине Макрадули, нас тешко можат некои стручњаци да не изненадат, не е тоа причина. Меѓутоа, очигледно ги изненади претставниците на Владата, затоа што кажав и тогаш и сега повторно ќе повторам, ако ништо друго имаа барем респект спрема граѓаните да објаснат што нудат со овој закон. За тоа зборував, не дека нас не изненадиле, ние не се изненадуваме. А по однос на она другото во кое кажувате и тврдите дека со оваа измена ќе има пософистициран пренос, многу подобра гледаност и тн. Јас знам дека и вие се лажете заедно со сите нас, или сакате да не излажете, мислам да не убедите во нешто што не е така. Третиот канал господине Макрадули не е гледан во Република Македонија, тоа го знаете и вие и колку и да се трудите овде да објасните дека е нешто спротивно, тоа е точно, да знаете. Не е гледан, со тоа што тој не е гледан, не е пренесуван на кабелски телевизии, значи апсолутно до граѓаните нема да доаѓа гласот на пратениците и вашиот и мојот и на сите други овде.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута, господине Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Јас јавно се обврзувам заедно со господинот Караџоски да провериме дали после четири месеци покриеноста, да направиме една комисија со паритетен однос

со претседател од опозицијата, како еден вид анкетна комисија која ќе провери дали е ова навистина така како што предвидуваме, или што сакаме да биде. Ниту јас сакам да се укинат преносите, а и самите знаете зошто кабелските оператори не ја пренесуваат третата мрежа. Во Источна Македонија не им се исплати да ја уфрлат во нивната листа на канали што ги емитуваат и таа програма, бидејќи нема интерес во таа средина за тоа. И како потоа ќе ги убедат да плаќаат за тоа. А тие се обврзани. И наша задача е кај Советот на радиодифузија да интервенираме кабелските дистрибутери да си ја почитуваат законската обврска да ги емитуваат програмите на јавниот национален радиодифузен сервис без исклучок.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор пратеникот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Почитувани колеги, при објаснувањето што го добивме зошто се донесува овој предлог на закон и причините за истиот се говори дека тоа е поради изменетата состојба во областа на радиодифузијата, либерализацијата на радиодифузниот простор во насока за зголемување на приватната иницијатива и потребата за надминување на финансиската криза во која се наоѓа Јавното претпријатие МРТВ, како и потребата од санација на техничко технолошките капацитети и набавување на нова технологија што МРТВ ќе ја направи компатибилна и поконкурентна на домашниот и странскиот пазар, остварувајќи ја улогата на јавен сервис според стандардите на Европската унија. Основата на овој закон т.е. целиот закон се состои од 3 члена и тоа тие се состојат во промена на членот 11 од стариот закон кој член 11 гласи: Радио и телевизиските програми на МРТВ се емитуваат без надоместок преку следните мрежи на ЈП..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Мавровски зборувајте по амандамнот. Амандманот зборува за покриеноста, а не што има задача телевизијата. Ве молам по амандманот, за покриеноста а по општата расправа, по расправата за текстот тоа можете да го кажете. Сега кажете зошто го поддржувате или не го поддржувате амандманот.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас мислам дека граѓаните треба да имаат објаснување за што всушност говориме и за што се работи. И токму по текстот на Законот и текстот на законот прозлегува ставот 2 доаѓа од промената на членот 11. И затоа сакам да објаснам дека членот 11 она за што и госпоѓата директорка говори, е тоа е тоа дека имаме три радио мрежи на ултракратски бранови, една радиомрежа за средни бранови и три

телевизиски мрежи. Тоа е постоечкиот закон и членот 11 од истиот. Со овој закон што сега ни го нудат како изменување и дополнување на Законот за основање на Јавното претпријатие се додаваат два нови става, ставот 2 и ставот 3. Во овој амандман се говори точно за ставот 2 кој што дефинитивно гласи: ЈП МРТВ преку третата телевизиска мрежа на ЈП Македонска радио дифузија ќе емитува директни и одложни преноси од седници на Собранието на Република Македонија, како и од други активности на Собранието на Република Македонија и на неговите рзботни тела. Со одлука Собранието на Република Македонија ќе ги утврди условите и начинот под кои ЈП МРТВ ќе ја обавува оваа функција. Значи, основата по ова што го видовме за законот е вкупната програма која што емитува на три канали, или мрежи да се емитува на два канали, а третиот канал да биде всушност собраниски активности и ништо друго. Значи, според ова решение кога од три канали се добиваат два и тоа кажуваме дека ќе биде предуслов за развој на ЈП МРТВ. Што значи ова не видовме колку се заштедува кога МРТВ ќе зрачи наместо на три, само на два канали и колку тоа ќе придонесе за развој. Ако ја имаме таа бројка колку ќе изнесува сето тоа. Што после ова ако се заклучи дека за развој на ЈП ќе биде најдобро да работи само еден канал. Дали тогаш ќе донесеме уште еден закон со кој што ќе стигнеме до ситуацијата, имаме само зрачење на една мрежа. Ние како основачи, мислам Собранието и ние како пратеници на ЈП МРТВ за цело време носиме одлуки, решенија и акти со кои го поддржуваме развојот на ова јавно претпријатие. Но, еве, и после сите одлуки од крајот на 2002 година минуваат веќе две години, а актуелната власт апсолутно ништо..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Мавровски, по втор пат ве опоменувам да зборувате по амандамнот. Амандманот ако не сте го прочитале, во образложението вели, дека Собранието на Република Македонија треба да ги емитува на телевизиска мрежа која ќе им биде достапна на сите граѓани. Не се зборува ниту за прв, ниту за втор, ниту за трет, ниту за организацијата на МРТВ. Ве молам, зборувајте за амандманот. Третиот пат ќе ве прекинам.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Господине претседателе, вие можете да ме прекинете кога сакате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Сега се зборува за покриеноста. Овој амандман зборува за покриеноста. Ве молам,образложете го вашиот став во врска со амандманот.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Прво, тука господинот Јани Макрадули апсолутно не кажа за ова ништо. Расправаше за некои комисии на кои што расправавме ние за законот, а не расправавме за амандманот. Не видов вие да го прекинете, ниту да го предупредите. А од друга страна господинот Макрадули кажа една невистина, затоа што расправањето по овој закон беше на 12 октомври. Ова што директорката на МРТВ го испрати до вас пратениците и до мене беше на 20 октомври. Така што апсолутно по оваа концепција што сега ја имаме и за која што токму се расправа за овој амандман каде што се говори за тој собраниски канал, каналот 3, или мрежата 3, тука стигнуваме до една дезинформација за јавноста и дезинформација за пратениците. Значи по ова апсолутно не стана збор на Комисијата за транспорт и врски, затоа што  ние како материјал апсолутно тоа го немаме. И вие тоа го сватисте дека тоа е нормално и се говори за амандманот. Мислам дека не се говореше за амандманот. Но, во секој случај ќе го задржам правото тогаш да говорам по општиот текст. А ова што се нуди дека третиот канал, апсолутно мислам дека се потребни додатни инвестиции за покриеност, бидејќи и самите говорите дека на овој начин Македонската телевизија апсолутно неможе да го покрие подрачјето на Република Македонија. Значи тоа е првата причина. Ова што говорите дека кабелските дистрибутери биле проблем со тоа што не го емитуваат овој трет канал. Јас незнам кој е одговорен за остварување на законите во оваа држава, дали е одговорна опозицијата, или позицијата за да можат да го остварат сето тоа. И апсолутно мислам не се сложувам со сето ова, затоа што со одлука Собранието, знаеме дека мнозинството во секој случај може да донесе одлука дали одредени седници ќе бидат пренесени директно или ќе бидат пренесени одложно. Во секој случај јас не би сакал и понатаму да полемизирам со вас господине претседателе. Ќе го поддржам овој амандман, а го задржувам правото за дискусија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави господинот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Господинот Мавровски рече дека сум кажал невистина. Не е точно. Јас реков дека матичната комисија расправаше по овој закон. Ова е еден од законите каде што пратениците и силата на пратениците се покажала како добра, ако има потреба за тоа, бидејќи и своите забелеки што ги даде Владата потоа интервенираше со амандман. Добивме допис што додатно ја разјаснува целата ситуација. И наместо

тоа да го пофалите, вие и тоа го критикувате, бидејќи работите со негативна логика на размислување. Тоа е ваш проблем.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Господине Макрадули очекував и денеска Владата може во меѓувреме да се состанат па да добиеме некоја нова информација во која што ќе има нова промена. И јас треба и тоа да го пофалам? Ако работевме после секоја комисија дека има промени, тогаш зошто се носи законот. Владата нека седне, нека се донесе закон како што треба по кој што ќе треба да расправаме. Ние адхок менуваме се. И сега кажуваме дека пратениците се криви зошто не го прифаќале сето тоа. Апсолутно некоректно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Инаку деловнички Владата може и сега во моментов да ни достави некој амандман. Тоа е деловнички. Вие може да побарате да се состане Комисијата, па ќе се изгласа, или нема да се изгласа, демократијата постои само треба да се користи деловникот.

Има збор Гордана Стошиќ.

ГОРДАНА СТОШИЌ:

Почитуван претседателе на Собранието, почитувани дами и господа пратеници,

Дозволете ми накратко да кажам зошто ние немаме, зошто јас лично и никој во МРТВ нема дилема околу тоа дали ова во ставот 2, фактички новиот став 2 што се додава во членот 11 значи директни преноси од собраниските седници, затоа што тие што знаат македонски јазик велат дека дирекни и одложни се однесува и на собраниските седници и на работата на комисиите и на прес конференциите и на се друго за што сме се определиле, бидејќи не постојат вметнати реченици.

Дозволете ми исто така да кажам дека цениме и ценам дека начинот на кој што се определуваме да ги покриваме собраниските активности, бидејќи претпоставувам дека за граѓаните не се важни само собраниските седници, е информирање на вистински начин на граѓаните за се она што се случува во Собранието. И уште нешто, зошто е сменето после седницата на Комисијата, затоа е и во вид на писмо моето обраќање. Бидејќи ниту досега постоела некоја одлука на Собранието со која што на МРТВ и е наложено да врши дирекни преноси, ниту пак постои одлука внатре во МРТВ со која што МРТВ се обврзала да врши директни преноси. Ова се некои стекнати нешта кои со ништо не биле уредени и сега прв пат се уредуваат на начин на кој што тоа го имаат уредено многу европски демократии.

Нормално е дека е во вид на писмо заради тоа што за тоа се сите свесни, уредувачката политика е ингеренција на МРТВ, на јавниот сервис и секое мешање од било која страна, па дури и од страна на основачот во уредувачката политика, во креирањето на програмската шема би била многу грешно толкувана како атак врз независната уредувачка политика и правото на МРТВ сама да ја креира својата програмска шема што пак е една од основние узанси на препораките на Советот на Европа за функционирањето на јавниот сервис.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор Ристана Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Почитувани колеги пратеници, претставници на Владата, сосема накратко ќе дадам поддршка на овој амандман и тоа од неколку причини. Пред се јас тврдам дека не постои целосна покриеност на третиот канал на целата територија на македонската телевизија. А дека е тоа така, се гледа и од писмото што МРТВ ни го упати до пратениците каде што вели дека мрежата покрива некаде 90%. Јас тука би посочила и би упатила прашање, дали на пример граѓаните во Дојран ќе можат да ги следат пленарните седници, затоа што таму воопшто не го гледаат третиот канал, дали граѓаните во регионот од Буково до Косел, исто така ќе можат да гледаат, затоа што тие многу слабо го гледаат дури и првиот канал. Единствено имаат можност да го гледаат вториот канал, а третиот канал апсолутно немаат никаков прием на овој канал. Значи, постојат и други региони за кои еве јас немам точно информации, дел од струмичко и тн. кои не го гледаат третиот канал. Значи, покриеноста на мрежата не ги опфаќа овие региони и тие ќе бидат на некој начин оштетени, затоа што не ќе можат да учествуваат во јавната расправа, не да учествуваат туку да ја следат седницата, бидејќи според сите позитивни прописи седницата на Парламентот е јавна и треба да биде достапна до сите граѓани на Република Македонија и само така ќе биде задоволена јавноста. Затоа ќе го поддржам овој амандман, да се брише ставот 2 од точката 1, затоа што сеуште немаме технички услови да го префрлиме работењето на Собранието на третиот канал. Исто така, од амандманот кој Владата денеска ни го достави се гледа дека сега веднаш не е можно да профункционира овој канал како што треба, затоа што нема доволна техничка опременост да ги следи седниците. Итука е наведено што се е потребно за да може да се доопреми каналот за да може да ја следи работата на Собранитео. И поради тоа се бара временско одлагање на примената на Законот, а тоа доволно зборува дека МРТВ технички сеуште не е подготвена преку третиот

канал да ги проследува пленарните седници. Јас во основа немам против да постои канал посебен за собраниските седници и за работата на Собранието. Меѓутоа, се прашувам тука, ако веќе функционирањето и покриеноста на вториот и на третиот канал е иста и дека целата територија на Република Македонија може да ги следи програмите и на вториот и третиот канал, зошто тогаш вршиме вакви измени. Навистина се прашувам и би ја запрашале директорката на МРТВ, ако двата канали се спремни, технички опремени да ја покриваат целата територија, зошто тогаш вршиме измена. Нека си остане на третиот канал програмата на националностите, а на вториот канал нека си остане преносот на собраниската седница. Меѓутоа, ова доволно зборува дека навистина ниту техничка опременост постои за сега да почне да работи тој канал како што треба, ниту пак покриеност на целата територија. За да не воведеме информативен мрак од собраниската седница за еден добар дел на граѓани во Република Македонија, јас мислам дека сегашниот предлог е избрзан и дека е потребно претходно технички да се опреми третиот канал со сите овие работи кои се наведени во писмото од МРТВ, а потоа да одиме на измени на законот, нема да има никакви пречки тогаш да се извршат измени.

Повторно би рекла ако двата канали се исто технички опремени и исто можат да ја покриваат работата на Собранието, тогаш зошто воопшто вршиме вакви измени.

Токму од ова што зборував, јас ќе дадам поддршка на амандманот на колегите затоа што мислам дека ќе се воведе за еден добар дел од граѓани информативен мрак од собраниските седници, со тоа ќе се наруши уставниот принцип на јавно работење на Собранието.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Кошутиќ, заменик министер за сообраќај и врски а потоа нека се подготви г-динот Матоши.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

На седниците од 10 и 24 мај оваа година, Владата на Република Македонија постапувајќи по заклучоците на Собранието на Република Македонија од јуни 2003 година и имајќи ги предвид препораките на странските експерти и стручниот консултат ја разгледа програмата за трансформација на ЈП МРТВ и се определи за модел за производство и емитување програма на два канали на Македонска телевизија и два канали Македонско радио.

Варијанта 3 од понудените 6 варијанти на територијата на Република Македонија и по еден на Радиото и телевизијата преку сателит.

Причините за прифаќањето на оваа варијанта од страна на Владата беа цената на чинење и проценка дека единствено со ваков радикален рез е можно МРТВ да не создава постојано нови загуби.

Незадоволителниот степен на наплата на радиодифузна такса, истрошеноста на техничко - технолошката база на Јавното претпријатие, конкуренцијата на приватниот сектор, неодговорното зголемување на бројот на каналите во 2000 година и давање обврска за создавње оригинална програма на јазиците на етничките заедници без да се дефинираат извори на финансирање на такво енормно проширување на дејноста.

Недостигот на техничка база за создавање на така зголемен број часови програма, наводно купената опрема од некогашното студио ТМЕ во 2002 година,претходно во 2000-та година санала заложна сопственост на тогашната агенција за обнова и развој и не може да се користи, ќе ја искористуам приликита да го повикам г-динот Насуфи, значи државнот институции се подготвени за соработка со г.Насуфи за откривање на одредени детали, бидејќи важи за еден од најзапознаени луѓе на Проектот на ТМЕ.

Преврaботеност во одделни сегменти, недостиг на кадар во други во ноември 2002 година биле вработени 1571 лице, а во моментот се 1340. Со ваква радикална рационализација на бројот на каналите во МРТВ ќе ги има следните ефекти. Намалување на трошоците за производство на програми наместо квантитет емитувани часови, зголемување на квалитет, зголемување на количество на сопствена програма и програма од домашно производство, создавање на финансискио средства за целосно расчитување на долговите од сопствени извори на МРТВ.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ова требаше да биде воведно излагање, тоа што бараше опосицијата, но имате право како предлагач.

Господине Насуфи имата реплика?

Повелете три минути.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Благодарам, г-дине претседател.

Доколку се мисли дека енормното проширување на каналите во 2002 година и почетокот на процесот од 1998 година од Владината коалиција мислам на тогашната за да се отвори канал на албански јазик, мислам дека тоа беше политички чекор кој беше позитивен за цела Република Македонија посебно за албанците.

Имам уште една забелешка. Кога ќе спомнеме за јазиците на етничките заедници, иако не сакам да правам негативна дистинкција, сепак треба да имаме предвид дека албанскиот јазик е службен јазик и како таков треба да има свој третман во Радио-телевизија.

Јас повторно на г-динот заменик министер ќе му кажам дека не даде одговор на едно прашање, каде е статусот на редакцијата на албански јазик? За жал, редакцијата на албански јазик при радиото и телевизијата е дискриминирана. За ова не може да се расправа, ова е неспорно и за ова прашање и заменикот министер и министерот како предлагачи на законот во оваа прилика би требало да предложат измена или дополнување на еден правилник, бидејќи сега се цементира една неправична ситуација за редакцијата на албански јазик со овој предлог закон.

Затоа чекав заменик министерот во оваа насока малку да дискутира за статусот за кој нагласив дека е многу значаен. Таму имаме незадоволство од вработените, имаме луѓе кои со години работат со договор на дело, имаме луѓе на кои не им е обезбедена иднината. Тогаш каков квалитет на информирање ќе ни дадат тие луѓе кои во оваа ситуација се чувствуваат необезбедени, несигурни..

Не мислам дека беше идеално во наше време, меѓутоа, процесот кој требало да продолжи од оваа Влада, не продолжи. Ова е тоа што е најнегативната страна на оваа Влада.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Матоши за амандманот, а потоа нека се подготви г-динот Ќенан Хасипи.

РУЖДИ МАТОШИ:

Благодарам г-дине претседател,

Добро сме го анализирале законот, но и амандманот кој го подржуваме од неколку причини.

Многу е евидентно дека се губи неутралната власт на МРТВ и нивните преноси доколку немаме добра дистрибуција на брановите на МРТВ и истовремено зборот “одложување” кој е изготвен во овој закон ја губи неутралноста на МРТВ бидејќи предизвикува конфузија и немаме доволно образложенија кога ќе се

употребува и како ќе се употребува одложувањето на дирктните преноси од страна на МРТВ. Ова се точки за кои јас лично го поддржувам амандманот кој не е функционален и кој ќе ја оштети објективноста на работењето на Собранието на Република Македонија.

Сите знаеме дека третиот канал на МРТВ пренесува 80% емисии на албански јазик, наменети за албанците и кога е достигнат компромисот од минатата Влада успеа да ги задоволи потребите на албаницте во Република Македонија. Неговата фрекфрентност треба да биде добро распространета во Западниот дел од Македонија. Имаме факти и аргументи каде во некоку делови од Западна Македонија оваа фрекфенција не функционира добро и доволно, сеуште имаме проблеми во однос на фрекфенцијата и немаме добра распространетост.

Со начинот како ќе се простира фрекфенцијата и ветувањето дека за четири месеци ќе се регулираа оваа фрекфенција на добар начин, мислам дека имаме несериозен пристап во однос на ова прашање.

Не сме задоволни и знаете дека имам нова состојба во МРТВ во редакцијата на албански јазик, посебно со заменикот директор на МРТВ каде тој вчера, знае и јавноста, има поднесено оставка од функцијата заменик директор на МРТВ со образложение дека одлучувањата се еднострани, дека тој не се прашува, дека не чекори во позитивен смер овој канал кој треба да ги задоволи потребите на албанците, имаме недоразбирања во однос на натамошното функционирање на оваа телевизиска куќа.

Ги сослушав претходните дискутанти, го сослушав и заменикот министер, го сослушав и координаторот на парламентарната група на СДСМ Јани Макрадули, каде се говореше за некои инвестиции кои требало да се направат во МРТВ и нивната злоупотреба. Со аргументи ќе ви кажам дека не е прв случај средствата кои се одвојуваат за една институција која треба да биде во служба на албанците, се злоупотребуваат.Злоупотребени се многу други средства, злоупотрени се средствата од училиштето, од водоводот во Тетово и разни средства што не е случајно што се злоупотребени средствата од МРТВ за редакцијата на албански јазик. (пратеникот е опоменат од претседателот за бегање од темата).

Се разбира власт е г-динот Макрадули заедо со неговите партиципиенти и ние сме заинтересирани кога ги злоупотребуваат средствата кои требаше да се наменат во овие институции треба да излезат пред законот.

Токму овде сакам да констатирам дека актуелната власт поради тоа што и самата е инволвирана во случај на корупција и затоа (по втор пат е опоменат) не сака да ги обелодени овие случаи.

Евидентно е дека радакцијата на албански јазик е запоставена, запоставен е третиот телевизиски канал, тука немаме натамошна перспектива, бидејќи како што рече самиот заменик директор кога имавме забелешки кога се именуваше на таа функција, биедејќи знаевме дека тој не е добар и човек кој може успешно да ги заврши своите обврски во таа куќа, дека одлучувањата и средствата и функционирањето на овој канал е на удолница.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Хасипи имате збор, а нека се подготви г-динот Зоран Крстевскик за амандманот.

ЌЕНАН ХАСИПИ:

Благодарам г-дине претседателе, ќе бидам многу краток.

Би ги замолил колегите од ова место кои полемизираа со овој предлог на јавното претпријатије МРТВ да го преиспитаат својот став по ова прашање.

Наполно ја разбирам нивната загриженост за тоа што во овој момент третиот конал не ја покрива целата територија на Република Македонија што по мене може да се реши за многу краток период, меѓутоа, целосно би ја поделил загриженоста со нив доколку овие колеги истата загриженост ја покажаа тогаш кога година ипол помалите етнички заедници кукаа што поради ваквата програмска шема граѓаните не беа во можност да ги следат програмите на таа етничка заедница.

Токмуи од тие причини по неколку обиди на еден културен начин да се надмине овој проблем бев принуден од оваа говорница да настапам со радикални решенија од типот неплаќање на радиодифузна такса и бојкотирање на програмите на помалите етнички заедници што, како што рече г-динот Макрадули отвори жестока полемика, помеѓу нас двајца.

Сега кога сме на праг да го решиме овој проблем, недоволната гледаност на третиот канал што лесно може да се надмине станува причина да се стопира оваа благородна идеја.

Ве молам, имајте го истото чувство и за оние кои целиот овој период беа лишени од гледањето на сопствената програма.

Од тие причини јас не го поддржувам овој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Крстевски.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Јас мислам дека треба да се поддржи амандманот. До ваква измена на законот можеше да дојде само ако телевизијата направеше напор односно Владата да го изедначи сигналот на третиот канал на гледаност како другирте два сигнали, па потоа да ни го даде ова решение.

Мислам дека критиката треба да ја упатиме и на самото Собрание, бидејќи ние работиме така да кажам надвор од некои парламентарни узански, постојано сме во заседание и навистина никогаш не можете да ги предвидите ниту сесиите, ниту комисиите, ниту должината на траењето на седниците. Кај нас е така волунтаристички во Деловникот и веројатно управата на телевизијата има проблеми со програмските шеми.

Меѓутоа, има и политичка димензија целата работа , ми доаѓа на памет една идеа да ги замолиме редакцијата на албанска програма бидејќи вториот канал ќе остане да ги пренесува седниците, па да се титлуваат на македонски, бидејќи како оди работата македонците во својата држава стануваат граѓани од втор, трет ред , па можеби таа идеа да ја разгледа телевизијата.

Мислам дека самата дебата покажува потреба за политички сенс, Владата да го повлече овој предлог и додека не создаде технички услови на третиот канал да не ни ја подметнува оваа работа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам г-дине Крстевски, морам да ви одговорам во врска со волунтаризмот. Токму овој парламентарен состав има најголеми признанија од МРТВ, бидејќи точно почнува во 10,00 часот, во 13,00 е паузата, во 14,00 продолжува, во 17,00 завршува.

Тоа во некое друго време кога почнуваа седниците во 10,00 часот, а фактички се чекаше 4-5 часа за да навистина почнат.

Повелете госпоѓо Стошиќ имате збор.

ГОРДАНА СТОШИЌ:

Само на кусо. Изгледа дека постои непознавање на една состојба, предавателите и линковите не се сопственост на МРТВ веќе осум години. Постои Јавно претпријатие кое се вика Македонска-радио дифузија што исто така се финансира од средстватаза радиодифузна такса и во нивни раце е развојот на мрежите.

Од нивното раководство, свесни дека ќе дојде до сите овие дискусии, дека ќе има такви прашања, ние како раководство на МРТВ која исклучиво први програма -

ништо друго, значи не врши дистрибуција на сигнал, имаме гаранција дека три нови предаватели се поставуваат, спомнуваат дури до нова година значи до 28 декември инаку некаде за 3-4 месеци и со тоа ќе биде покриеноста на сигналот на третата мрежа поголема од покриеноста на сигналот преку втората мрежа која во моментот е 92.

Значи, ни таа, а ни првата не покрива 100% првата мрежа преку која се пренесува програмата на македонската телевизија, покрива 97%.

Само како образложение.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Крстевски, имате контра реплика.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Во функција на ова што директорката го објасни точно тоа мојата критика е упатена до Владата, Владата преку другото претпријатие за управување со мрежата требало прво на денешен ден да ни гарантира дека е техничкки опремено и сигналот ќе функционира исто како и на првата програма и затоа велам да се повелече, тоа е политички опортунизам кој треба во овој момент да оцени врз основа на оваа дебата што се однесува.

Пофалбите што ги има до вас што на време ги почнувате седниците се пофалби за вас, меѓутоа, парламентите во светот имаат и сами знаете и вашиот нов деловник веројатно ќе предвиди такви процедури во кои многу појасно ќе биде во кои денови ќе се одржуваат седниците, кога ќе се гласа, така што тоа ќе помогне на програмската шема на телевизијата во планирањето во иднина.

Немојте да бидете многу осетливи на критика.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не г-дине Крстевски јас сум осетлив на дезинформациите и Вашите констатации што не се точни.

Кој друг бара збор?

Повелете г-динер Илјаз Халими, имате збор.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Причините зошто се предлага да се измени и дополни Законот за МРТВ ми се јасни. Проблемите (материјални, технички, финансиски) нормално, затоа што треба да се подготват програми, да се врши пренос итн. и ова е решението што се изнашло. Значи третиот канал служи за пренос на седниците на Парламентот, како и на работните тела на Парламентот.

Тука се предлага некои од овие седници од работата на Парламентот да можат да се одложат за понатаму. Тука е таа нејасност и амандманот е токму на ова да се корегира на начин да може да се врши пренос на сите седници, а исто така и на седниците на работните тела на директен начин.

Сега со ова се прави еден трансфер на програмите на албански јазик и на програмите на заедниците, немакедонски заедници од третиот канал на вториот канал, меѓутоа покрај овие програми нормално дека ќе продолжи да постои и програмата на македонски јазик.

На овој начин целиот простор на вториот канал ќе биде исполнет и стеснет за можноста да може да се зголемат часовите на програмите на албански јазик. Значи, на третиот канал таква можност постоеше од причина што се знаеше дека досега од 12 часот попладне се пренесуваат програмите и на албански јазик, меѓутоа и на другите јазици, така што во зависност од материјалните можности е оставен простор да може да се зголемат часовите на пренесување на програмите на албански јазик, но и на другите јазици, што би требало да го направи оваа куќа, меѓутоа и оваа Влада, но тоа не се постигна.

Јас се плашам дека со преминувањето на вториот канал на овие програми всушност во иднина нема да има можност ниту за еден час да се прошири програмата на информативните емисии на албански јазик. На овој начин мислам дека се прави една повреда и на колективните права на користење и употреба на ова право кое што треба да го обезбеди МРТВ, а се разбира и Владата.

Затоа уште еднаш јас ќе повторам дека го подржувам овој амандман кој што е во однос на тоа да може да има гледаност и да може седниците на Парламентот да се емитуваат, да се пренесуваат директно без можност да се санкционираат, а потоа да се пренесе некоја од тие седници.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Рустеми повелете три минути за реплика.

ЕЈУП РУСТЕМИ:

Јас би сакал да му реплицирам за тоа што го праша г-динот Илјаз Халими во однос на неговиот сомнеж за поминувањето од третиот на вториот канал и од стравот што го има тој дека нема да има можност за проширување на каналот на албански јазик.

Г-дине Халими ништо не се менува во однос на тоа што ќе имаме еден премин од трет на втор канал. Тоа е целосно исто, со сета опрема што постои во

третиот канал и истата опрема ќе биде и во вториот канал, само се менува фреквенцијата во однос на покриеноста на просторот со сигнал.

Вториот канал го покрива целиот простор таму каде што живее албанско население и истото во иднина може да се прошири и програмата на албански јазик. Поради кои причини имаме премин од трет на втор канал, од информацијата која ја примивме од директорот на МРТВ се говори дека третиот канал  има подобри можности за пренос на парламентарните седници и на работните тела на Парламентот на Република Македонија. Поради оваа причина дека третиот канал има можност да пренесува тон значи парламентарните седници и седниците на комисиите да можат да се пренесуваат истовремено и на македонски и на албански јазик. Токму тоа е што ние треба да го подржиме овој закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Халими барате контрареплика, повелете една минута.

ИЛЈАЗ  ХАЛИМИ:

Изгледа не сте ме разбрале добро или не сте ме следеле добро.

Гледајте го третиот канал, пуштете го телевизорот и ќе забележите дека од 12,00 часот почнува пренос на програмите било на албански или на друг јазик. Значи од утро до 12,00 часот е празно. Зошто е празно? Тој простор треба да се исполни. Кога? Значи, кога ќе се создадат услови за програма на албански јазик. Значи часовите на албански јазик да се зголемат, а кога ќе премине на вториот канал пуштете го телевизорот и ќе видите колку ќе биде исполнето, не до 12,00 туку и понатаму.

Како и да е ние ќе почнеме од 12,00 со толку часа со пренос на програма, меѓутоа по 12,00 часот се толку. Сега за да се прошири програмата на албански јазик треба да се земе простор на програмите на македонски јазик кои што се емитуваат до 12,00 часот. Ова е реалноста.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Даневски, имате збор за амандманот.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Г-дине претседателе, дами и г-да пратеници,

Чувствувам дека треба да се вклучам во оваа дискусија затоа што доаѓам од општина Свети Николе каде што третиот канал апсолутно не се следи. Незнам какво објаснување ќе има, затоа што технички можности нема, граѓаните сигурно ќе реагираат. Ако идејата е дека Собранието веќе досадило на граѓаните и на јавноста

па за да го тргнеме, да го нема е друга работа. Но, ако станува збор да се помогне во функционирањето на МРТВ мислам дека ние треба да отвориме дискусија.

Знаеме со што и со какви проблеми се судира МРТВ, знаеме дека тоа е еден голем конглумерат, знаеме дека застарена технологијата, знаеме дека се стари кадрите, знаеме дека се форсираат кадри по клуч, знаеме дека партиски се настапува уште од 1990 година, знаеме дека во програмата се мешаат, знаеме дека во програмата за време на кампања и избори се употребува, ги знаеме сите негативности, но знаеме и дека треба МРТВ да функционира како што треба бидејќи таа е национална.

Собранието како основач на МРТВ треба да овозможи услови за сигурно финансирање. Најголемиот проблем е тоа што ние веќе влегуваме во третиот милениум, а работиме со стара технологија по 30 и 50 години. Знаеме дека има добар кадар, знаеме дека има недостаток на технички помагала,. Нема нова суфистицирана технологија, не е дигитализирано,има икс, икс проблеми МРТВ.

Сега на овој начин ако сакаме нешто и она што го направивме во Собранието, ги задолживме граѓаните на Република Македонија да издвојуваат пари односно да плаќаат сигурна претплата, незнам каква е покриеноста на претплатата, ја врзавме со електричната енергија, извршивме притисок, ги оптоваривме граѓаните затоа што не платат претплата за телевизија ќе бидат исклучени од електрична енергија и со целиот напор, со целото разбирање на МРТВ мислам дека ова што се нуди ќе направи еден огромен револт кај граѓаните на Република Македонија. И така имаме информации дека добар дел од луѓето не плаќаат претплата на МРТВ. Вака ќе овозможиме намаса граќани апсолутно да не плаќаат. Дали ова што се нуди во дадениот предлог ,дали ќе направиме услуга или контра услуга  во Македонската телевизија не знам како ќе биде, ќе каже времето, затоа што ако ова се изгласа во Парламентот ќе направиме контра услуга на Македонската телевизија. Никој нема да плаќа, апсолутно никој нема да плаќа и ќе ја блокираме МРТВ. Некој ќе каже ајде вие...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Даневски ве молам зборувајте за амандманот.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ;

За амандманот зборувам претседателе

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Да не одиме со претпоставки. Зборуваме за покриеност, а не зборуваме за наплата.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Како ќе плаќаат граѓаните во Крушево во Дојран во Свети Николе, во Штип во Пробиштип кога не му даваш услуга а да плаќа. Како ќе плаќа, објаснтете ми вие.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Можеби повеќе ќе плаќаат кога нема да има парламентарен пренос.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ;

Ако ве тргнат вас како претседател сигурно дека ќе има поголема гледноаст.Сега немојте да навлегуваме во потреси.

Мислам дека ние како Парламент треба да ја завршиме работата. Треба да и овозможиме на граѓаните услуга, да гледаат. Ако е покриена цела Република Македонија со сигнал од третиот канал апсолутно нема да има никакви проблеми и нема ние тука да дискутираме и да влегуваме во меѓуетнички конфронтации и нетрпеливости, едни биле за албанците, други биле против албанците, едни биле за труците итн. Апсолутно ова не држи.

Мојата поента е, бидејќи и директорката кажа дека тоа е друго претпријатие да се усогласат, нека си направат подготовки, нека се направи апсолутно покривање на целиот простор да биде етерот покриен и нема да има никакви проблеми. Сега се доведуваме ние да се сомневаме дека има задни намери и задни идеи. Не сакаме во тоа да навлегуваме, ние како либерална партија цениме дека мора еден ден отворено да се продискутира за МРТВ, да им се овозможи на тие луѓе адекватни услови да функционираат во духот на модерното време.

Со ваква технологија од пред 30 години, со застарена технологија, а да не зборуваме за возниот парк кој е руиниран, знаеме како се пренесуваат репортери, имаме сега случаи ширум Европа кои со хеликоптери, со суфисцитирани авиони, а нашите неможат да купат по еден мобилен телефон.

Од овие причини мојот став би бил до предлагачот овој амандман да се усвои од пратениците, предлагачот да си го повлече законот за да не направиме контра услуга на МРТВ. Мојот впечаток е дека маса од граѓаните ќе има револт и нема да плаќаат. Не правиме услуга на МРТВ, правиме контрауслуга.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Ангел Димитров повелете за реплика.

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Се разбира дека г-динот Даневски има сопствен став, но да му реплицирам околу изнесената изјава дека Св. Николе не се гледа МРТВ - 3.

Од пред недела дена Трговското друштво СИТИ, кое е кабелски опратор најверојатно по ургенција на Советот на радио дифузија почна да ја емитува МРТВ-3.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Даневски имате една минута.

СЛБОДАН ДАНЕВСКИ:

Незнам дали е токму е така, да не испадне дека е дезинформација.

Знаете дека кабелска телевизија во Св. Николе, ценејќи го стандардот, незнам дали гледаат два или 3% од населението. Што ќе прават другите грани кои немаат кабелска телевизија. Колку треба да доплатат , како треба да се инвестира. На ова прашање би требало да одговори директорката на МРТВ.

За да не ја дезинформираме јавноста, во Св. Николе граѓаните кои не се приклучени на кабловска телевизија третиот канал на МРТВ го немаат. Мислам дека е апсурдно натаму да се убедуваме и да говориме. Граѓаните го немаат третиот канал на МРТВ, а што да кажеме за руралните населени места, за селата кои немаат ни кабелска телевизија, немаат ни телевизори а не да гледаат трета програма.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Молам дали некој друг бара збор?

Повелете г-дине Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Јас сакам да го коментирам и амандманот кој е предложен од пратениците, мои колеги,м Балковски и Којзеклиска. На еден начин се бара повторно да се вратиме на постојниот закон за основање на јавното претпријатие МРТВ.

Од овие дискусии кај мене се создадоа многу дилеми, затоа и малку подоцна се јавив за збор, а тоа го направив бидејќи сакав до крај да ги сослушам другите колеги и претставниците од Министерството и од МРТВ. Значи на еден начин да ги сослушам сите до каде и што размислуваат за овие измени и дополнувања на овој закон.

Со овој амандман не можам да се согласам со самиот факт дека треба да се вратиме на тоа што е на постојниот закон.

Од друга страна и предлогот кој е даден исто така не е дефиниран до крај со измените и дополнувањата и работите не се санкционирани така како што треба. Ни се јавува еден проблем кој не е дефиниран за статусот на Програмата на албански јазик, ни се јавуваат проблеми третата програма каде што ќе има директен пренос на седниците на Собранието или на телата, бидејќи тие ќе одат на третиот канал, мислам дека сите овие дилеми и сите овие проблеми за кои говориме местото им е во самиот факт дека измените и дополнувањата кои се предложени не се дефинирани така како што треба нештата да останат во рамките на законот, а не во рамките на желбата, или политичката желба на разни коалиции или на политичката волја на самото раководство на МРТВ.

Затоа би било добро, бидејќи има четири месеци време за да се усоврши и техниката, за да се овозможи преносот на македонски и на албански јазик, за да се сочека и во меѓувреме да се подготви оваа техника, но да се подготви и законот имајќи ги во предвид овие зафати, овие интервенции или овие дискусии од страна на пратениците. Значи еднаш за секогаш некои прашања околу статусот на програмите, околу техниката на пренос на седниците и по однос на јазиците во овој случај и на албански јазик, значи преносот да се врши и на албански јазик, покривањето на просторот со третата програма и сите овие работи добро е да се внесат, да се одлучи добро со закон, бидејќи секогаш ни се јавуваат дискусии во кои сме принудени секогаш интервенциите да бидат инцидентални, и за статусот во однос на јазикот и за статусот на самата програма на албански јацик и сите тие се одразуваат внатре во МРТВ, како што ни се јавуваат и разни оставки и сите овие предизвикуваат нервози кои и покрај се не би ги препорачал и не би сакал да се случат како такви.

Затоа ова е моја интервенција и мое размислување од сето тоа што е дадено и како амандман но и како предлог за донесување на закон. Можеби залужува овој закон уште еднаш од самите предлагачи да се регулираат неколку прашања со одредби кои се рамка за дополнителни образложенија или за санкционирање на тоа што значи статус на програмата на албански јазик , преносот на собраниските седници и употребата на јзазиците во текот на преносот на овие седници.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Пред да гласаме ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Бидејќи претресот е заклучен по амандманот, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 64 пратеника, 16 гласале за амандманот, 1 се воздржал, 47 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 1,став 2 во новиот став 2, поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за транспорт и врски, господинот Дејан Кошутиќ.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 2 во новиот став 3, поднесен од пратеникот Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Кошутиќ.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој бара збор?

Повелете господине Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Прво да се заблагодарам на Владата за прифаќањето на првиот амандман, со кој што обврската останува за директните преноси на седниците на Собранието и без разлика што некој сака со тоа да ја дезинформира јавноста, тоа не се случи и Собранието останува транспарентно да си работи и отворено понатаму за сите граѓани на Република Македонија. А дека принципиелно си продолжувам да ги застапувам ставовите, останува мојата дилема во однос на ставот 2 и мојот амандман кој се однесува на радиостаницата Канал 103, она што мене ме радува е што после дискусијата што ја имавме минатиот пат, Министерството за транспорт и врски, но пред се Јавното претпријатие МРТВ ја дефинира радиостаницата Канал

103 како субјект кој постои, влегува во законот и со тоа ќе започне еден нов процес на функционирање на радото.

Мојот амандман се однесува да се тргне влијанието на програмите на невладиниот сектор, бидејќи Канал 103 е етаблирана радио станица со свој концепт, со своја уредувачка политика, која сега со заслуга на МРТВ и предлогот што го доби од Министерството ќе се емитува на целата територија на Република Македонија. Останува мојата дилема колку во таа програма или како во таа програмска шема ќе се вклучат и програмите кои се однесуваат на невладиниот сектор.

Но бидејќи од друга страна, невладиниот сектор е партнер и по нашата програма на политичките партии, сепак ќе го повлечам амандманот во интерес да се слушнат и нивните активности и заложби што ги прават во Република Македонија и се надевам дека уредувачката политика веќе етаблирана на Канал 103 ќе најдат разбирање и функционирање на овој предлог што го дала Владата и МРТВ.

Амандманот го повлекувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е повлечен.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Повелете господине Мавровски, а потоа нека се подготви пратеникот Силвана Бонева.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам господине претседателе, значи господинот Макрадули го повлече амандманот, 1: 1 со Владата и се е во ред. Јас мислев да го поддржам но тој успеа да го повлече амандманот и мислам дека Канал 103 не требаше да биде она што тука е вклучено да биде, тука се вклучени програмите за сите невладини сектори. Гледајќи што владините сектори прават во последно време, но во секој случај при објаснувањето зошто се донесува овој предлог на закон и причините за истиот, се говори дека тоа е поради изменетата состојба во областа на радиодифузијата, либерализација на радиодифузниот простор, во насока за зголемување на приватната иницијатива и потребата за надминување на финансиската криза во која се наоѓа Јавното претпријатие МРТВ, како и потребите од санација на техничко-технолошките капацитети и набавување на нова технологија што МРТВ ќе ја направи компактибилна и поконкурентна на домашниот и странскиот пазар, остварувајќи ја улогата на јавен сервис, според стандардите на ЕУ.

Основата на овој закон се состои од три члена во кои што имаме само поправка или дополнување на членот 11 од стариот Закон во кој што се кажува дека

радио и телевизиските програми на МРТВ се емитуваат без надоместок преку следните мрежи на Јавното претпријатие за пренос и емитување на радиотелевизиски програми. Три радио мрежи на ултра кратки бранови, една радио мрежа за средни бранови и три телевизиски мрежи ВХР и УХР.

Сега, со овој Предлог на закон, ние добиваме два нови става, за кои што досега расправавме, од кои што едниот делумно беше прифатен, тоа е ставот 2, каде што се говори дека Јавното претпријатие МРТВ преку третата телевизиска мрежа на Јавното претпријатие македонска радио дифузија ќе емитува дирекни и одложни преноси од седниците на Собранието на Република Македонија, како и од други активности на Собранието на Република Македонија и на неговите работни тела. Со одлука Собранието на Република Македонија ќе ги утврди условите и начинот под кои Јавното претпријатие МРТВ ќе ја обавува оваа функција. И ставот 3 за кој што беше и последниот амандман, Јавното претпријатие МРТВ преку третата радио мрежа на Јавното претпријатие македонска радио дифузија ќе ја емитува експерименталната програма на постојната радио станица Канал 103, во која ќе бидат вклучени програми кои се однесуваат на невладиниот сектор. Токму овој дел требаше да отпадне од овој втор став и членот 2 во кој што се говори дека после членот 11 се додава нов член 11-а, кој ќе гласи: “Радиотелевизиските програми на МРТВ се емитуваат преку сателит на еден радио и еден телевизиски канал”. Тоа е овој Предлог на закон и ова се што претходно го говоревме. Мислам многу малку се состои во ова што како објаснување го имавме во Предлог-законот. Значи сите овие тешки квалификации, едноставно од овој закон не можат да произлезат. Основата е дека Јавното претпријатие МРТВ преку Третата програма ќе емитува дирекни и одложни преноси од Собранието на Република Македонија и неговите работни тела.

Вкупната програма која сега се емитува на три канали, или три мрежи да се емитува на два канала и Третиот канал да биде само за собраниски активности и ништо друго.

Значи, според ова решение кога од три канали се добиваат само два и тоа кажуваме дека ќе биде предуслов за развој на Јавното претпријатие МРТВ. Што значи ова, колку се заштедува кога МРТВ ќе зрачи наместо на три само на две мрежи и колку тоа ќе придонесе за развојот. Ако ја имаме таа бројка колку ќе изнесува таа. Што после ова ако се заклучи дека за развојот на Јавното претпријатие ќе биде најдобро да работи само еден канал. Ние како основачи, односно Собранието и пратениците во Република Македонија на Јавното претпријатие за цело време носиме одлуки, решенија и акции, со кои го

поддржуваме развојот на ова јавно претпријатие, но еве и после сите сите одлуки од крајот на 2002 година, минуваат две години, а актуелната власт апсолутно, ништо не направила, туку одиме до решение за намалување од три на два канала. Тоа е она што ако сакаме да работи многу брзо и да проработи и средства да се издвојуваат за активности, за опрема на техничко-технолошкиот развој, тука доаѓаме до она што сите собраниски комисии го поддржуваат тоа, но од сето тоа ништо не се менува.

Во меѓувреме добиваме информации од господата од ЕСМ дека наплатата е многу успешна. Ние донесовме и Закон во кој што наплатата за радиодифузна такса се вметнува директно во ангажираната моќност на електричната енергија и од директорката добивме информација дека таа е некаде 65% и покрај тоа што информациите од ЕСМ говорат за некои проценти над 80%. Дали е тоа така, сигурно дека некаде има некоја грешка. Но во секој случај наплатата не задоволува за да може Македонската телевизија и понатаму да функционира во оние услови како што замислила и како што треба да биде како јавен сервис за македонските граѓани.

Значи, со оваа одлука се добива Третиот канал само за активности на Собранието на Република Македонија, што и колку да се големи сигурно не можат да прават програма за еден канал и друго, за прв пат во законот се спомнува зборот “одложно”, што значи одредени седници со одлука, или по видување би се пренесувале одложно, т.е. во снимки, што е еден чекор за замолкнување на опозицијата и газење на демократијата. Од друга страна не се добива ништо, т.е. ќе ги намали и онака сите овие програми кои досега се произведуваа од Јавното претпријатие МРТВ. Прашањата прво би ги поставил до нас како основачи, а воедно и за МРТВ и дали не треба да размислуваме сите заедно за приватизација на еден канал од Македонската телевизија, како што многу национални телевизии тоа веќе го направиле.

Второто прашање, колку ќе опадне гледаноста на седниците на МРТВ од Втора на Трета програма, сето тоа треба да се анализира и да видиме покрај овие технички проблеми, во однос на покриеноста на Третата програма во цела Македонија.

Третото прашање како ќе бидат другите две програми во поделбата кои што ќе пренесуваат. Значи, Вториот канал на албански јазик и на дел од малцинствата на Република Македонија и Првиот канал кој ќе произведува програма на македонски јазик, за која е кажано директно од директорката дека производството има дури 60% од домашно сопствено производство, а обврската е некаде 30%, но

овој канал сега во моментот, се надевам со префрлањето на собраниските седници на Третата програма, или третата мрежа, ќе дојде во уште потешка ситуација, затоа што вака како што функционира со сегашните 20 до 30% серии од шпанското подрачје, Колубија, Перу, Боливија, серии кои што исполнуваат голем дел од програмата, 20 до 30% повеќе од франкофонско производство, нешто информативна програма и сега кога спортските преноси од Втора програма ќе се префрлат на Прва програма, не знам дали ќе има време и за овие информативни програми, но во секој случај, сите поплаки за вториот канал ќе бидат задоволени и тука ќе може да има и нови програмски решенија и тоа според мене е се во ред. Но што е со производството на програмата на македонски јазик. Дали тие ќе можат да внесат свои нови програми, освен оние што се репризираат од прославата на 60 години МРТВ и што константно последната година од почетокот на годината го гледаме. Мислам дека и со тоа што времето на емитување на оваа програма драстично се намалува, во првата информација бевме известени на Комисијата за транспорт и врски дека Третиот канал ќе биде всушност само собраниски канал и кога Собранието нема да заседава и дека нема да има свои програми, тогаш нема да се емитува програма, со тоа што сега дојде некоја исправка во концепцијата на овој Трет канал, каде што се зборува дека ќе има и многу репризни емисии и македонска музика, забавна или народна, без рзлика, која што ќе оди на Третиот канал.

Затоа господа, како јавен сервис, треба да донесеме одлука овој сервис да продолжи со работа. Ова темпо кое што го донесовме некаде 2003 година, тоа се заклучоците во јуни месец и средствата кои што требаше да бидат одделени некаде беа 12 милиони евра развој на МРТВ да почне да работи, мислам дека од тоа ништо не е направено и затоа доаѓаме до вакви некои решенија кои што се нудат ат хок, кои што не нудат развој, ниту за Македонската телевизија, уште помалку за граѓаните на Република Македонија, чии јавен сервис треба да биде МРТВ и мислам дека ваквиот избрзан начин на донесување на овој предлог пред пратениците, апсолутно не држи и чувствувам и самиот некоја одговорност, сето ова Владата уште еднаш да го разгледа, да се најдат подобри решенија и едноставно, да се изнајдат средства, не само да говориме како пратеници и како одлуки и решенија кои што ги носат по одделни собраниски комисии, или ние како Парламент и конечно, МРТВ треба да кажеме дали може да биде јавен сервис, или пак треба драстично да се размислува во нејзина промена во самото делување и воопшто како сервис ќе

може да се избори со останатите приватни радио и ТВ станици, кои во моментот зрачат во Република Македонија.

Јас и понатаму останувам, токму како јавен сервис дека државата е таа што треба да ги обезбеди средствата, а не е начинот намалување на програмите, намалување од три на два програма, од кои што едниот би бил само собраниски и добро е тој да биде собраниски како информативен, но едноставно, тој цел канал да биде само за Собранието, апсолутно мислам дека не е одржливо и дека МРТВ треба да размислува развојно. Дали тоа ќе биде со приватизација, дали ќе се најде начин државата да инвестира средства во МРТВ, но во секој случај ова не е начинот на кој што МРТВ за сите овие информации и она што ни беше како објаснување донесено дека тоа треба да биде во областа на либерализацијата, приватизацијата и приватната иницијатива. Апсолутно овој закн е далеку од она што значи објаснување на закон.

Благодарам.

(Со седницата продолжува да претседава г-ѓа Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието).

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има госпоѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Благодарам почитувана потпретседателке,

Ќе го кажам и сопственото мислење во однос на овој Предлог на закон за измена и дополнување на Законот за основање Јавно претпријатие МРТВ.

Најпрвин ќе започнам со членот 1, во кој што досега се уредуваше тоа дека радио и ТВ програми на МРТВ се емитуваат без надоместок на три радио мрежи на ултра кратки бранови, една радио мрежа за средни бранови и три телевизиски мрежи.

Со Пртедлогот на законот кој што денеска го разгледуваме, се предлага наместо три радио мрежи на ултра кратки бранови, да имаме две радио мрежи и наместо три телевизиски мрежи, две телевизиски мрежи.

Укинувањето на вторите програми на Македонското радио и Македонската телевизија, кои што се емитуваат на македонски јазик, значи дрекно нарушување на функциите на МРТВ, како јавен сервис, функции кои што се дефинирани со европски документи за јавните радио телевизиски сервиси и функции кои што се утврдени во нашите закони, односно во Законот за радиодифузна дејност и Законот за основање на јавно претпријатие МРТВ.

Законски определените функции за МРТВ да произведува информативна, рекреативна, забавна, образовна, културна, спортска и филмска програма, ќе бидат нарушени со олку драстичното скратување на обемот на програмата на македонски јазик, која треба да се каже е наменета за сите жители на земјата, кои што треба да го познаваат официјалниот јазик на државата.

Кога ќе се погледне фактот дека ќе се зрачи програма само на еден радио канал и на еден ТВ канал, лесно е да се предвиди и точно да се знае дека ќе настрадаат повеќе програми од образовната сфера, од културата, па и од областа на домашниот и меѓународниот спорт и многу други програми што се вистински белези за препознавање на МРТВ и во нејзиното минато и во нејзината сегашност, како што треба да биде и во иднина.

Една телевизиска програма ќе биде пополнета и преполнета со информативни емисии, филмски емисии, сериски материјали, така што воопшто ќе нема место за други креативни програми, кои што се столб на културниот идентитет на земјата, а за чие негување и развивање во медиумска смисла, најголема обврска и одговорност има МРТВ.

Во неа се вложени големи средства во изминатиов период, подготвени се илјадници емисии од културата, образованието, забавата, рекреацијата, во кои што се вградени интелектуалните потенцијали на редица креативни луѓе и сега одеднаш ќе нема време, ќе нема слободни термини, тие вредности да бидат широко достапни.

Овој потег, почитувнаи дами и господо, за сведување на радио и телевизиската програма на макеоднски јазик на само по еден канал е зафат кој што ќе го оневозможи остварувањето, повторно ќе кажам, на функциите на МРТВ, ќе гоосиромаши духовниот простор и по најкус пат води кон понатамошно духовно и интелектуално тонење и на куќата и на граѓаните на земјата.

Веројатно, е најприфатливо да се причека новиот закон за радиодифузија, па во него на системски начин да се разработат сите овие аспекти од работењето на МРТВ. Најмногу прашањата на белезите, на обемот и структурата и нејзината програма, технолошкиот развој, финансирањето и други работи, но и тогаш не би смеело да се крати обемот на програмата, со што ќе се изгуби основата и нема да се исполнуваат функциите поради кои што постои МРТВ.

Во однос на ставот 2 во кој што се кажува дека ЈП МРТВ преку третата телевизиска мрежа ќе емитува директни преноси од седниците на Собранието на Република Македонија, за одложените преноси веќе беше прифатен амандманот и

нема да зборувам  за него. Мое лично мислење е дека не треба ова решение сега да го расправаме. Многу се зборуваше претходно и по амандманот на госпоѓата Којзеклиска и Караџоски дека не се покрива целата територија на Република Македонија со третиор канали семтам дека навистина нема да имаат можност граѓаните кои што ги избрале пратеници да ја следат работата на Собранието на Република Македонија, бидејки навистина многу места во Република Македонија воопштоне го следат третиот канал. Овде имавме образложенија и од г-динот Макрадули дели одговорноста е на кабловските дистрибутери за емитување на третиот канал и дека еве со амандманот кој што ни го дава како штони го предлага Владата, во кој што се одлага примената на законот за 4 месеци од денот на неговото објавување, ќе има можност да се направат соодветни-технички и други подготовки и ќе може да се следи третиот канал на целокупната територија на Република Македонија. Доколку се мисли на кабловскит едистрибутери, како штокажа г-динот Макрадули, и дека за 4 месеци тие ќе ја покријат  територијата на Република Македонија, јас овде ќе го псотавам прашањето колку од граѓанит ена Република Македонија можат да се приклучат на овиекабловски мрежи, колкав процент на граѓанит ена Република Македонија можат да платат дополнителни такси за приклучување на овие кабловски мрежи и дали не треба територијата на Република Македонија да биде покриена со третиот канал да ја следат сите, без кабловскит едистрибутери. Овде госпоѓата директор Стошиќ кажа дека Македонската радиодифузија како јавен сервис е задолжена да ја покрие територијата на Република Македонија и дека тоа ќе го стори и со третиот канал, сметам дека најпрво тоа треба да се направи и навистина дури тогаш да зборуваме дека третиот канал може да се следи на територијата на Република Македонија и може собраниските седници да се следат на третиот канал. Јас имам сомнеж за ова решение кое што го кажува Владата дека во рок од 4 месеци ќе се направи покривање на територијата на Република Македонија, бидејки за тоа се потребни технички и други подготовки, затоа што во самито закон токму Владата зборува дека за спроведување на овој закон не е потребно издвојување на финансиски средства од Буџетот на Република Македонија. Како тогаш ќе се нарпават технички и други подготовки за вистински да профункционираат на територијата на целата Република Македонија на третиот канал на Макеоднската телевизија.

Од сето тоа што го кажав, јасно е дека не е прифатлив овој Предлог на закон,не само заради тоа што со него се оневозможува граѓаните на целата територија на Република Македонија да ги следат преносите на Парламентот, туку

навистина , како што кажав и повторно ќе кажам, дека се прави истовремено и осиромашување на духовниот простор со укинувањето на втората програма на Макеоднското радио и на Втората програма на Македонската телевизија.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Заменик министер за транспорт и врски г-дин Кошутиќ.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Само едно дообјаснување, макар што е искажано и во претходните дискусии, како дел од опозицијата со одредени, по мене лично, со прави забелешки и сомнежи, а од друга страна и со комплетните објаснувања како од г-динот Макрадули, так аи од директорката на МРТВ., Значи, ние влеговме во подготовки на процесот на трансформација на МРТВ. Тоа е едно.

Второ, техничката покриеност на третиот канал е договорена во согласност со второто јавно претпријатие кое се вика Македонска радиодифузија. Значи , од тие причини ние како Влада го предложивме амандманот за реализација на измените во Законот за 4 месеци, бидјеки според сите анализи е доволен период за да се извршат техничките подготовки. Пратеникот Исмет Рамадани со право даде одредена сомнеж, значи до колку ќе стартува Собранието и комплетниот работен живот на Собранието на третиот канал, што ќе се случува со албанската популација и со можноста и да гледаат и да ги слушнат на албански јазик активностите во Собранието. Од тие причини во делот на технички подготовки, ќе биде и стартувањето на дуел системот заради покриеноста на повеќејазичноста односно на повеќе јазично прикажување на активностите во Парламентот. Да дообјасниме, да не зборуваме за нешто и да даваме дезинформации. Значи, сите тие аспекти се земени предвид пред Владата да го предложи ова на Собранието, да ги донесете овие измени.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам г-дине заменик министер.

Продолжуваме со дискусија.

Збор има госпоѓа Ристана Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам госпоѓо потпретседател, колеги и колешки,

Главно, сите сомнежи околу овој Прдлог измени, се искажани, меѓутоа, јас сосема накратко би кажала зошто нема да се согласам со овие предлог измени од причини што повеќе пати ги повторив во мојата дискусија околу амандманот.

Прво, ценам дека третиот канал технички не е подготвен. Тоа го потврдуваат и претставниците на Владата дека не е сосема подготвен за емитување сигнал од Собранието и за целосна покриеност на териториjата на Република Македонија. Еве, сега, г-динот претставник на Владата истакна дека влегуваат во процес на подготовки на тој канал. Ако е тоа така, тогаш зошто брзаме со законските измени. Зошто оставаме простор за сомнежи дека позадината е друга. Јас навистна немам ништопротив да работат наместо три, два канали, а третиот да се користи за пренос на работата на Собранието, меѓутоа, претходно се потребни тие технички подготовки, кои според писмото на МРТВ, навистина бараат одредена поголема сума на средства за да се подготви овој канал за да може д аемитува сигнал и тој сигнал да го гледаат сите граѓани во Република Македонија. Дека ова е брзоплето и недобро обмислено, мене ми сигнализираше овој денешен амандман кој Владата ни го приложи, а тоа е дека законот ќе се применува во рок од 4 месеци од денот на негово објавување.

Навистина, со сиот респект кон оние што го подготвувале законот, меѓутоа ќе искажам една правна недоследност во во овој дел од амандманот. Ако го прочитате, а ќе се применува во рок од 4 месеци од денот на неговото објавување, тоа би значело дека законот кој сега е на дневен ред ќе важи 4 месеци. Значи, формулацијата не е соодветна. Од образложението кое следи навистина е јасно дека се бара одлагање на примената на законот. Меѓутоа, вака простете како што е формулирано се добива впречаток дека законот ќе важи во рок од 4 месеци ќе се применува, што значи ќе важи 4 месеци. Која е брзоплетоста на формулирањето на амандманот јас незнам, меѓутоа претпоставувам дека би требало да стои терминот по истекот на 4 месеци. Затоа што, тие 4 месеци ги барате заради технички и други подготовки на ЈП за да може да емитува сигнал соодветно преку овој канал.

Се плашам дека воодреден момент и правно толкување на овој дел ќе имаме погрешно, бидејки така е употребен зборот во рок од 4 месеци. Тоа мене ми сигнализираше дек амногу брзоплето одиме со измените, а не сме уште ни технички, ни соодветно подготвени да одиме со вакви измени. Ништо нема да ги кошта претставниците на Владата за да го повлечат вака брзоплетиот предлог и после истекот на ова време што сега го барате со амандманот, дојдете со предлог измени, но тогаш ќе рачунаме дека ЈП е технички подготвено, со сите тие работи кои ги

наведе госпоѓата директорка и дека е спремно преку третиот канал да се емитуваат седниците и работата на Собранието и навистина ќе бидеме сигурни дека нема тука некаква позадина во тоа тие два канли да останат, а третиот да се користи само за собраниски седници. Иако, повторно ќе кажам, двата канали како што тврдат, функционираат и зрачат еднакво, тогаш зошто воопшто ги правиме овие измени. Нека си остане Собранието на вториот канал, а се она што е програма на националности нека остане на третиот канал. Сега дали е во прашање одреден притисок да се оди на вториот канал програмата на националностите, токму затоа што недоволно третиот канал ја покрива територијата на Република Македонија. Мислам дека националностите не се во можност секаде да го пратат тој трет канал и од тука доаѓа таквиот притисок за промена на каналите. Меѓутоа, исто толку ќе ги разочараме граѓанит ена Република Македонија, ако преку овој каналне можат соодветно да ја следат работата на Собранието и со тоа го ставаме во искушение основниот принцип на јавноста на работата на Собранието. Од ова што сега го наведов, навистина,не можам да прифатам и Либералната партија нема да го подржи овој предлог за измени.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

За реплика се јави г-динот Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Очигледно е дека не можеме да се сватиме, иако прво морам да реагирам за то акако се условуваат националностите и мислам дека тоа не е согласно Уставот, како што ние ги користиме и тоа е проблем кога некој правник што се бори за почитување на правото, лошо го толкува Уставот. А, тек е проблем кога цени дали има техничка подготвеост и дали има технички квалитети. Се додека цениме така и даваме паушални изјави, ќе влегуваме во долги, бескорисни дебати во кои што ги трошиме парите на граѓанит еи така ќе се разочаруваат во  нас од јалови дискусии, затоа што ги цениме работите. Аргументите ние ги кажуваме. Значи и Македонската телевизија е еден, ако сакаме да одиме во проценти, не се гледа на целата на територија на Република Македонија, туку се гледа во 99%. Втората програма и таа не се гледа на целата територија, се гледа во 97%. Третиот канал се гледа во 92% сега во овој момент. И тој не се гледа во целост, ама никој не се гледа на целата територија заради географските услови и територијата на Република Македонија. Но очигледно е дека имаме еден период каде што ќе влезат во процесот на покривање

на територијата на Република Македонија. Од една страна да се потсетиме дека третата мрежа се воведе од претходната влада, зборувам за мрежа, без јасна финансиска конструкција колку тоа чини, со парите од Телеком за купување на 69 радиодифузни објекти. Доколку Владата тогаш имала јасни намери, отворени, не скриени и сакала транспарентно да работи или да решава некои проблеми, ќе одвоела повеќе пари од Телекомот и ќе ја покриела 100%. Вие сте биле во позиција да ја покриете 100%. Не сте ја покриле, сте купиле само 69 објекти од парите од Телеком. Сега ќе се нарпави напор тие да се допокријат на територијата на Република Македонија. Да не се залажуваме тукаи да не фрламе манипулации или паушални изјави да цениме. Ако сакате реално и искрено да пристапите кон решавање  на овој проблем еве го Буџетот, сме имале два буџети и еден ребаланс и сме ја оставиле Македонската телевизија, што и јас мислам дека е штета, без дигитално поврзување со европската мрежа, не сме вложиле многу во техничката опрема. Тука треба да ги насочиме тие работи, да не се плашиме и да не сееме магла дека некој има некои скриени намери, или сака нешто да направи  тајно во Република Македонија. амандманот на СДМ и парламентарното мнозинство јано кажува за што се заложуваме, за дирекни преноси, никаква тајна, нас ни одговара да има телевизиски преноси, да слуша и народот и да прави разлика.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Контра реплика, госпоѓа Риста Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Господине Макрадули, немам што јас да ценам. Овдека точно си пишува во Владиниот амандман. За да се извршат соодветни технички и други подготовки во ЈП, ова доволно јасно и транспарентно говори дека технички каналот не е подготвен за да емитува програма соодвтно. Меѓу другото, кабелските оператори воопштоне го пренсуваат третиот канал, а во оние региони каде што немаме прием на третиот канал, тамунемаме никабелски оператори. Значи, не можеме на тие граѓани никако да им дистрибуираме. А, колку е транспарентна работата на СДСМ, многу добро видовме во овие две години, а посебно добро видовме со Законот за територијална организација колку вие транспарентно работите.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ве молам, да се држиме на темата.

Продолжуваме понатаму.

Пријавена е како предлагач госпоа Гордна Стошиќ, директорката на МРТВ.

Повелете.

ГОРДАНА СТОШИЌ;

Благодарам.

Само едно кусо образложение не како предлагач,тукукако претставник на куќа кој што сериозно размислува како да ги реализира заклучоците од Собранието.

Разгледувајки го Извештајот, еден од заклучоците што ги донесе парламентарниот дом, беше дека не задолжувате да обезбедиме редовно емитување на третиот канал, условно речено, на програмите на етничките заедници и во денови кога има Собрание.

Еве, повелете, кога ќе има Собрание, дуалниот систем на третата мрежа овозможува сите програми да одат по своите нормални термини, во својата нромална програмска шема без притоа Собранието да ја нарушува таквата програмска шема. Тоа е едно.

Второ, МРТВ во овој момент може да почне со свои камери, со постојните сликање на седници комисиски и нивно емитување од просториите на МРТВ.

Почитувани дами и  господа, ова е формирање технички капацитети за мала телвизија тука и од тука ќе се врши емитувањето. Тоа е суштината на тие потребни средства. Мрежата, ви рековме, е во рацете на Македонска радиодифузија и од таму има сериозно ветување дека тоа ќе се случува. Значи, овие средства се за тука да се формира своевидна телевизија по узанците на парламентарните канали што ги имаат собранијата во многу европски змени.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

За реплика на госпоѓа Стошиќ се јави г-дин Слободан Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Го разбирам со целито респект кажувањето на почитуваната директорка на МРТВ и многу тешко е денеска да бидете директор на МРТВ. Ало влезете внатре, имате една зграда која е руинирана. Во самиот впечаток добивате дека зградата, е од Зомби филмовите. Да не влегуваме во техниката и технологијата. Ние како Парламент носиме и одговорност, а сигурно и Владата, што не се најдоа начини преку многу донации, еве ние добиваме донации од разно разни држави, почнувајќи од најголемите донатори Холандија и Германија, мораше да сеизлобира да се добиеше барем некоја софистицирана технологија, мислам дигитална. Знаеме дека уште работат со аналогно, да не зборуваме за радијата и она што значи преносите.

Во што е поентата? Што е целта? Ние како Парламент мислиме дека во овој момент да не направиме грешка да не ни се случи прикаската со Србија. Донесоа исто ваков закон под притисок на јавноста и после извесно време го вратија законот.

Ние сакаме да укажеме дека треба да се дискутира за финансиска состојба и за живеењето во Македонската телевизија, затоа што, ние како Собрание сме оснивачи. Ова треба сериозно да се продискутира дали се потребни реформи, дали се потребни реорганизации. Не навлегуваме во техниката и технологијата. Што би било ако сега ние како Парламент предложиме, ако нема средства и ако нема услови Македонската телевизија, еве, вака да се договориме, бидејќи имаме четири концесионери на територија на Република Македонија: СИТЕЛ, КАНАЛ-5, А-1, ТЕЛМА да им дадеме по еден ден во неделата, нека пренесуваат директно од Собранието, ем националностите ќе бидат задоволени, но ќе им партиципира, ќе им плаќаме од она што е претплата. Сигурно ќе се согласат и Канал -5 и А-1, да им издвоиме, што како одлука можеме да го донесеме, ем да биде се на ниво. Да им дадеме шанса и подготовка, затоа што и во предложениот амандман бараат четири месеци за подготовки да може да профункционира нивната шема.

А, стои отворено прашањето дека третиот канал не ја покрива целата мрежа во Република Македонија. Илузорно би било тука да се убедуваме дека мрежата оди во Јавното претпријатие, а пак повторувам, Јавното претпријатие и Македонската телевизија треба да излезат со заеднички проект, да бидат подготвени, да бидат договорени. Ако не е подготвено јавното претпријатие не требаше да носиме ваков закон. Да му оставиме фора, да оставиме место, шест месеци да се направат подготовки. Тука е и Министерството за транспорт и врски, тука е Собранието, тука е Владата. Тоа е решението и тоа би била перспективата за Македонската телевизија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Госпоѓо Лалчевска вие се јавувате за реплика на госпоѓа Гордана Стошиќ, повелете.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Со оглед на фактот дека неколку пати госпоѓата директорка и господин заменик министер го спомнуваат дуалниот систем, јас навистина малку би подебатирала околу ова.

Е сега, за користење, колку што јас знам, за користење на ваквиот систем потребен е дигитален приемник. Дали сум во право, ве молам технички да ми објасните повеќе. Ако е така, дали ви е познато колку малку дигитални приемници има кај нас или, ако кабелските оператори ако го преземаат тој канал, дали сите се опремени со дигитален прием и дали тие ќе можат понатаму да дистрибутираат. И покрај тоа што, еве, да речеме, постои законска обврска кабелските оператори да ги преземаат сите канали, меѓутоа третиот канал не го преземаат. Што правиме тука? Како тука ќе ги дисциплинираме кабелските оператори да го преземаат третиот канал.

Ве молам, малку повеќе околу тој систем, да не биде нешто технички фино, но дали Македонија има можности, затоа што колку што знам има многу малку. Таа ера доаѓа, меѓутоа кога ќе дојде, бидејќи ние се движиме со брзина на полжав во таа насока.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Во ред, нема одговор.

Со тоа го заокруживме овој циклус.

Сега е 13,00 часот, објавувам пауза до 14,00 часот.

(По паузата седницата продолжи во 14,02 часот).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата, претставниците на Владата исто така.

Го молам претставникот на Владата да влезе во салата.

Господине Чашуле, повелете имате збор.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Благодарам господине претседател.

Почитувани колешки и колеги,

Ова е добра идеја да се конципира како до граѓаните на што поедноставен начин ќе им го дотуриме сигналот за она што го правиме во овој дом. Од тој аспект, јас, од се срце ја поддржувам. Меѓутоа, како и се друго досега со брзината со која сакаме да го направиме и ова, а во недостиг на еден поширок концепт се плашам дека на една добра идеја ќе и начиниме штета. Откако ќе мине законот, а законот ќе мине, бидејќи волјата на мнозинството е таа и таа се почитува, и тоа ќе биде закон, тој ќе биде подложен на дополнителни расправи, како и овде, на погрешни теми.

Овде не станува збор за Македонската радио телевизија. Таа е произведувач на програмата, јавен сервис кој, грижејќи се за вредностите на културите на македонскиот народ и на со него рамноправните зедници дава одвет за поширокиte потреби на нашето општество. Таа произведува програма. Програмата ја емитува Македонската радио дифузија.

Ние овде сега разговараме на адреса на немоќната Македонска радио телевизија, која од сите причини што беа изнесени овде, за мене прифатливи, се злопати, губи од материјалната на технолошката супстанца ја загуби сега губи и од најважната супстанца на талентот, ние дополнително ја товариме без овде да се договориме што сакаме од тој јавен сервис, дополнително ја товариме со обврската да емитува нешто од една на друга мрежа. Македонската радио телевизија, вака како што е концепирана оди до она што, за тие кои знаат помалку или повеќе, е главна режија или првиот предавател кој потоа го праќа сигналот до, во истата зграда, не е ни предавател, во истата зграда до Радиодифузијата и Радиодифузијата потоа одредува, врз основа на фрекфентен план и на мрежа каде ќе се пропагира тој канал.

Зашто сега Македонската радио телевизија ја товариме со оваа одговорност? Таа не ќе може да даде одвет утре и ќе треба да го повикаме овде претставникот на Македонската радио дифузија. Тој ќе рече со законот не сте ме опфатиле мене. Овде, значи, не станува збор за канали. Овде станува збор за мрежи и како ова Собрание ќе ги алоцира мрежите за да ги исполниме уставните обврски произлезени од амандманите од Охрид за целосна и рамноправна застапеност на културата и јазиците на заедниците и, една друга постара обврска на Собранието, како работата на највисокиот претставнички законодавен дом да биде достапен до тие за кои што постои, за чиј живот решава, со нивни овластувања дадени на избори, со нивни пари дадени преку данокот.

Јас овде, и покрај сите напори со кои Македонската радио телевизија ме убедува, и верувам, немам зошто да не и верувам, дека ќе се екипира вистинска телевизиска станица во Собранието, дека ќе направиме подобрување, дека ќе дигитализираме сигнал, дека ќе има можност да се слуша на повеќе јазици, дај Боже на сите заедници еден ден кога ќе созрееме како граѓани и како општество, но, но, тоа што ќе го произведеме со тој дополнителен напор што Македонската радио телевизија ќе ја чини 178 илјади евра треба потоа да го довериме на друг, а тој друг не е тука и тој сега треба мене да ми даде гаранција, да ми објасни што значи 92% покриеност на националната територија. Дали тие 92% на оваа добра идеја, добра

замисла Собранието да има комплетен генератор на неговиот производ, законите и начинот на донесување, добро е да го има, меѓутоа каде? Кој ќе го гледа тоа? Кој гарантира дека тоа така ќе биде.

Овде имаме во еден документ, што се труди да ги објасни работите заложба на Македонската радио дифузија дека тие ќе го сторат тоа. Кога? Како? Кој ги обврзал? Каде е отчетноста? Тие се, чинам формирани од Владата. Што значи дека тие треба да дадат свој отчет пред Владата, а Владата ќе треба да даде отчет, овде пред нас. Губење на време.

И, уште нешто. Јас, навистина се восхитувам на храброста на моите некогашни колеги од Македонската радио телевизија кога оваа одговорност што не можат да ја кодифицираат со никаков пропис ја преземаат на себе, за 4 месеци да гарантираат дека третиот канал, а имињата сфатете ги сосема условно бидејќи се работи за мрежи, а не за канали, дека таа мрежа на која што ќе се емитува сигналот од Собранието ќе има пристојна покриеност. Меѓутоа, на која мрежа? Со кои предаватели? Со кои репетиротир? Кои подрачја?

Ова не е прашање на арбитрарна одлука на инженеринг. Нивното е да го овозможат тоа што ние овде, како стратегија ќе го создадеме. И, ќе речеме - сакаме програмаа на заедниците на сите јазици да се пропагира и политички определуваме каде. Македонска радио дифузија ја прави мрежата а Македонската радио телевизија ја прави програмата што ќе оди на таа мрежа.

Собраниски канал го решаваме. Веќе го решивме. Ние ги решаваме проблемите со неговото генерирање, значи снимањето на сигналот, подготовката, ќе имаме одложени емисии од комисиите, ќе имаме директни, ќе имаме она што го имаат сите развиени демократски држави, ќе имаме можност каде пратениците на самата таа телевизија или тој самиот или јавноста ќе го допрашува и тој ќе има можност да биде поприсутен, поинтерактивно дури присутен ако се оствари можноста да има двонасочна комуникација преку интернет, преку имел, преку телетекст, преку сите можности што сегашната дигитална техника го има. И ние, сега, сето тоа го правиме.

Но, во овој момент останува неодговорено прашањето каде сето тоа ќе оди? Ние треба овде да решиме, врз основа на заеднички договор, врз основа на увид, јас не сум експерт, знам нешто малку повеќе, но не знам доволно за да можам така лесно да ја натоварам Македонската радио телевизија со уште едно бреме, а таа ни ова што мора сега да го прави, на вака недефинирана ситуација, едвај го прави.

Сакам да дојдат овде луѓе и да ни покажат - предавател тој и тој ќе зрачи со тој и тој квалитет, со дуал-систем, ќе зрачи дигитално, ќе значи аналогно, тоа покрива тоа, значи ќе го покрие Охрид, но ќе го покрие и Лескоец, ќе го покрие Косел, Мали Влај, ќе покрива на овој или оној начин и ние тогаш ќе речеме дали сме задоволни дали тоа политичкиот договор што овде ќе го направиме и ќе го дадеме на Македонската радио телевизија како задача да го произведе, како програма, а на Македонската радио дифузија да го емитува, не задоволува или не. Па, во крајна линија, ние како посредници сме работодавци во име на граѓаните на тие луѓе кои работат во тие две институции што се финансираат. Затоа Македонската радио телевизија е овде врзана со основачки права, оти ние ја определуваме таксата. Таа такса ја плаќаат граѓаните и таа носи одговорност пред претставниците на граѓаните. Но, од таа таа такса пари одат и во Македонската радио дифузија и тука имаме повторно едно нецелосно решение. За таа такса тој ни доаѓа овде и не се чувствува повикан да дојде и да даде на ист ваков начин отчет за работи. И, тогаш ќе имаме увид кои предаватели покриваат што.

Вака, останува впечаток во јавноста дека на ветување дека ќе биде подобро, на ветување дека ќе се најде 178 илјади евра за да се направи тој крупен, за мене технолошки исчекор во Собранието, на ветување дека сето тоа ќе се емитува за 2%-3% повеќе отколку што се емитува сега, треба да донесеме закон што таа работа ќе ја кодифицира и ќе мора да се почитува, со сите дефекти, ама дури после 4 месеци.

Сега доаѓаме до апсурдот. Ако е така, ако го носиме сега, а ако ни се потребни 4 месеци да го доправиме, па зарем не е подобро да се договориме да го донесеме, меѓутоа да го разгледаме во уште една фаза, па во тие 4 месеци овде заедно со претставниците на Македонската радио дифузија, почнувајќи од комисиите, до овој пленум да им го изнесеме политичкото барање што сме должни да го изнесеме од името на нашите избирачи, секоја изборна единица и секое населено место, во онаа мерка што е можна и што дозволуваат средствата, да биде покриена со програмата наречена телевизиски односно собраниски канал. Програма. Мрежа е друго.

Овде не сум убеден дека успеваме да одговориме на ова прашање. И повторно се наоѓаме во ситуација на Македонската радио телевизија да и даваме дополнително бреме, а уште не сме дефинирале до крај и, како која политичка потреба ќе ни се појави, на сите ни е јасно дека во секоја игра овде, со секој закон доминира политиката и политичката игра, значи со секоја политичка игра ние

Македонската радио дифузија ќе ја видоизменуваме за да ги задоволиме тие игри. Така не се прави радиотелевизија, а уште помалку држава. И утре ќе се најдеме соочени со прашања од Европската радиодифузна унија, која ќе рече чекајте, па нели рековте два канали, што е сега ова трет канал? Што е тоа? Две мрежи, три мрежи, колку мрежи?

Значи ако сакаме да го решиме прашањето, треба да го направиме пообмислено. Јас  ви тврдам дека и на тие две мрежи што ќе останат, може да се емитуваат 8 канали, ако сакаме програмските појаси од 6 часови дневно, во принципот на тајм-шеринг по кој што работи Холандската радио телевизија да ги нарекуваме канали. И повторно да бидеме на двете мрежи. Ние имаме сега слична ситуација со комбинирањето на програмите и префрлањето на преносите. Но, дајте луѓе еднаш да седнеме и да речеме Македонската радио телевизија ќе го прави тоа, ќе го прави ова и ќе го прави ова. А, не е голема тајна дека ќе имформира непристрасно и објективно, ќе овозможува еманципација на вредностите на заедниците кои живеат во Македонија и нивна афирмација, од јазик до култура и ќе овозможува, како што е секаде во светот комплетен контакт на граѓаните со Собранието. ако не сакаме Македонската радио телевизија тоа да го прави, овде ќе донесеме одлука, закон, ќе го видео измениме законот за Македонската радио телевизија и ќе речеме Собранието тоа ќе го прави.

И повторно ќе се обратиме до истиот адресант кого не го гледам овде и го држам одговорен за хаосот што ни се случува и ќе речеме: добро, господине директор, инженери на Македонската радио дифузија, некогашни предаватели и врски, ние имаме потреба од осумчасовен пренос на пленарните седници, имаме потреба од преноси од комисиите, имаме потреба од зречење на програма што ќе ја произведеме со снимки и монтажа од комисиите и изјави, разговори, коментари, емисии снимени со пратениците, ние сакаме ова да биде достапно на целата територија и бидејќи ние сме тие што преку радио дифузната такса определуваме како ќе работиш итн., барам од тебе да ни дадеш одговор дали можеш, како и ако не можеш, зошто и што треба да се стори за да можеш тоа да го направиш. Вака ако го согледаме проблемот 90% од денешните расправи ќе беа елиминирани. Вака ако го лоцираме и го решаваме проблемот ќе се елиминираат сите можни размисли, оправдани, неоправдани за заткулисни политики, за удоволување на една политичка желба наспроти другата итн.

И колку за крај, третиот канал, вториот канал, првата програма се имиња кои сме ги дале некогаш во некое време. Прва, втора програма и трет канал. Сосема

арбитрално. Тие се програми. Нам ни требаат, ако ни требаат две мрежи, три мрежи, овде треба да решиме. Но, таа мрежа но која сега мислиме вака, без прецизен план на кои фрекфенции, на кои предаватели, на кои репетитори ќе се емитува собраниската програма мене ништо не ми ветува од едноставна причина што главниот град на Републиката и е покриен, влегува во тие 92% од покриеноста. Ама мерете го квалитетот на таа покриеност и ќе видите дека не ги задоволува основните стандарди за да можат луѓето мирно, без снег, без шумови и без пречки да го гледаат ако живеат во подножјето на Водно или отаде Водно или од краевите каде што не може да дофрли тој предавател кој во овој момент на таа фрекфенција се користи за третата програма.

Од тие причини, поддржувајќи ја идејата, сметајќи дека заслужува поголем напор од нас и од повиканите за тоа институции, предлагам повеќе време за да ја дооформиме да ја довршиме и да не ја натовариме Македонската радио телевизија со дополнителна обврска за која ниту законски ниту материјално може да одговори. А, тоа е да ни гарантира дека на 94% од националната територија идејата за собраниски канал ќе биде емитувана на квалитетот кој ги задоволува елементарните стандарди, а не само дуал-системот за да може да биде пратенио на два јазика. Оти ако во Скопје се гледа со снег, во еден подобар дел од централното градско подрачје тогаш како ќе го изведете дуалниот систем кога нема доволно сигнал, тоа што ќе се слуша да биде разговетно.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине Макрадули, реплика.

Повелете три минути.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Благодарам претседателе.

Ќе се обидам да не навлегуваме во технички експликации, бидејќи Собранието не е место каде што треба да дебатираме за техничките можности или квалитетите или технологиите кои се користат.

Така, господине Чашуле меша фрекфентно мултеплексирање и временско мултиплексирање, што во една техника се можни, а во друга, не се можни. Да не навлегуваме во такви работи, бидејќи многу вреќе ќе изгубиме и не е функција на Собранието, ниту пак овој закон ги регулира тие работи. Повеќето од работите што ги кажа господинот Чашуле се однесува на законот, посебен закон што се има за

Јавното претпријатие Македонска радио дифузија. Тука можеме да ги бараме тие работи. А јас се надевам дека сите прашања што ги постави ги поставил и на Владата кога Владата одлучила икс средства да вложи од парите од продажбата на Телекомот за изградба на одреден број репетитори низ Македонија. И тогаш, веројатно, се надевам, се залага да тогаш се покријат и се изградат сите објекти и предаватели, репетиторски пунктови, со што би се покрила територијата на Република Македонија што подобро или без знег во одредени делови, каде што исто мислам дека друг е виновен за сето тоа.

Она што сакам во репликата да го кажам плус е, не ние дополнително ја натоваруваме, како што кажа господинот Чашуле, Македонската радио телевизија, напротив, едно не стратегиски добро измислен концепт во 2000 година, со воведувањето на третата мрежа, без јасен финансиски план колку сето тоа би чинело го натовари Јавното претприајатие Македонска радио телевизија за додатни средства, непознати средства за емитување на програма на третата мрежа. Затоа, со ова сега се обидуваме да регулираме една материја што досега не беше регулирана.

И, уште една напомена. До сега не постои документ или обврзувачки акт со кој што Македонската радио телевизија морала да врши пренос од Собранието. Сега се институционализира таа категорија и сега Јавното претпријатие, согласно амандманот што го прифати, законот што го предложи, Јавното претпријатие Македонска радио телевизија мора да ја пренесува работата на собраниските седници директно, а на работните тела и други настани директно или одложно, како сака.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Чашуле една минута контра реплика.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Господине Макрадули, јас сепак ќе бидам, и покрај вметнатите епитети во речениците што ви е стил, ќе бидам добронамерен.

Јас разликувам што е дуален систем и велам некој треба да ни каже на кои предаватели со таков систем ќе се направи ова за да удоволиме со барањата на нашите заедници.

Не бев министер кога се носеше одлуката за третиот канал, но во подоцнежните расправи барав исто така да се докомплетира мрежата за да може да функционира. Пари од таа мрежа, колку што чинам се пренаменија потоа и не се

заврши работата. Третиот канал, колку што знам јас е формиран многу порано, не од 2000 година. Беше експериментална програма, некодифицирана како и многу други работи и законот што вашата партија го донесе за радиодифузија не го опфаќа ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Вејсели, имате збор.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Почитувани претседателе, почитувани колешки и колеги пратеници, почитувани претставници на Влада, почитувана директорке,

Навистина мислев дека денес расправата ќе биде малку поинтересна, не само за нас овде во салата од причина што сум многу сигурен дека граѓаните се многу заинтересирани за тоа што се случува денес на парламентарната седница. Се менува само една алинеја од еден член, меѓутоа има големо значење. Сите овие измени што се предлагаат, или оваа измена што се предлага денес, јас секако знам дека има значење во трансформирање на МРТВ. Меѓутоа, сакам да мислиме малку подлабоко, малку потемелно за тоа кои ќе бидат импликациите или последиците по усвојувањето на оваа измена и дополнување на овој закон кој денес го имаме. Доколку говориме воопштено за МРТВ, од овие десет до дванаесет поминати години, ќе видиме дека имаме горско искуство. Изгледа во оваа телевизија нема место за албански раководители. Не е прв и последен случај, господинот Ким Мехмети, вчера поднесе оставка. Сите заменици директори..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господин Ким Мехмети, нема толкаво значење да е член од законот. Затоа ве молам дискутирајте за членови по текстот на законот. Никаде, во ниеден член од законот не се спомнува господинот Ким Мехмети.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Во член 1.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има по име Ким Мехмети?

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Не.

Сакам да дојдам до суштината на законот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, немојте да го употребувате овој закон за некоја друга дискусија која исто така мож да се дискутира, да се отвори како точка на дневен ред.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Кога бев тука, јас не го спомнав ова име, случајно, од причина што за десет до дванаесет поминати години ни еден заменик директор во МРТВ не го доработи мандатот до крај, поради незаокружувањето на субјективноста на редакцијата на албански јазик во текот на овие поминати години.

Македонската радио телевизија има генрален директор, има директор на телевизија, директор на радио, меѓутоа сите овие во македонскиот дел, додека кога доаѓаме до албанскиот дел, албанците и понатаму ќе продолжат да бидат редакција без кадри, без способности, без простор и средства. Дали може без кадри, простор и средства да ја вршиш задачата која си ја добил од овој Парламент, а кој Парламент е избран од народните претставници. Секако дека не. Затоа јас мислам дека треба малку поинаку да размислуваме. Ќе размислуваме во смисла, зошто имаме аверзија, зошто имаме секогаш товар и бреме кога се говори за албанците во МРТВ, албанците треба да бидат само тие што треба да бараат, а ние да им дадеме. Меѓутоа, ќе им дадеме со одредена доза. Јас зборував за текстот на Законот и сакам да излезам со членот 11 во алинејата 1 и 3 каде што зборот “три” се заменува со зборот “два”.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

И тоа е поврзано ..

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Проблематично е јазикот на албанците, албанскиот јазик.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не е точно, албанската програма ќе биде и на Втора програма.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Јас сакам да излегувам во тоа и сакам малку да ги обавестам мојот електорат, за што се работи, и воопшто со граѓаните дека е мала измена, а во суштина има голем значај.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа е ваша интепретација, јас имам право на моја интерпретација, јас последен пат, ќе ве прекинам.

Повелете.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Меѓутоа, јас не ќе можам да го изнесам мојот став околу тоа што значат овие измени, што денеска ги имаме на дневен ред. Ако вие сакате да ме прекинете, нема никаков проблем, можете тоа да го направите, меѓутоа, јас ќе најдам место каде ќе

го искажам моето незадоволство околу предлозите што се денеска дадени преку измените и дополнувањата на овој Предлог закон. И затоа ќе ве молам, јас сакам да излезам од темата, а неможам да излезам од темата ако не ги образлагам овие работи што се случиле овие низа години.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Вејсели, деловнички неможете да излезете од темата, и од текстот на законот. Јас веднаш ќе прифатам ако вие поднесете информација во врска со овие реперкусии, што ги дискутирате, ќе ја ставам точката на дневен ред. Само поднесете ми таква информација.

Ве молам држете се на текстот на законот.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Добро господине претседателе. Тогаш ќе се обидам да се задржам само за текстот, меѓутоа сакале или не јас незнам дали е целта да се стесне и да се намали расправата, нема никаков проблем. Меѓутоа, да кажам само едно. Охридскиот договор, Уставот на Република Македонија, освен македонскиот јазик кој што е службен јазик во Република Македонија, службен јазик во Република Македонија е и јазикот кој го говорат над 20% од граѓаните кои што живеат во Република Македонија.

Значи, покрај македонскиот јазик во Република Македонија, службен јазик е и албанскиот јазик.

Сега кога сме кај овој член 11, првиот канал останува таков каков што си е, канал на македонски јазик. Вториот канал останува канал на етничките заедници во Република Македонија кои што не се македонци, тоа се албанците и другите кои што живеат во Република Македонија и се прави еден позитивен гест. Значи од трет канал програмата на албански јазик, или редакцијата на албански јазик, затоа што не е програма, доколку беше програма ќе имаше своја управа, своја жиро сметка и тогаш заменикот директор или директоратот нема да го праша генералниот директор дали ќе ми дадеш пари да примам на работа албанци, туку ќе има своја жиро сметка и нема да бара од никого, туку од своите средства што ги плаќаат граѓаните албанци и тој ќе прими неработници и техника и се што му треба. Затоа имаме позитивен акцент. Значи од Трет канал програмата на немакедонските јазици, значи редакциите не емитуваат програма на македонски јазик, а албанскиот и другите јазици преминуваат на Канал 3. И сега се поставува прашање за Третиот канал. Третиот канал, поради немање на финансиски средства кои се дефицит во Република Македонија, сигурно од буџетот на Република Македонија за да се

издвојат  за МРТВ се редуцира само во преносот. Значи, третиот канал се редуцира само во преносот на пленарните седници и работата на комисиите.

Тука сега  се зборува за, Првиот и Вториот канал, се согласувам. Не се согласуваме за статусот на редакцијата на албански јазик, во рамките на МРТВ, што е расправа на која треба на сериозен начин да и се пристапи и да расправаме за тоа. Меѓутоа, третиот канал, сега поставувам прашање, присутна е и директорката на МРТВ, на кој јазик, на третиот канал, откако ќе влезе во сила овој закон, ќе се емитува парламнтарната седница. Тоа е првото.

Второ, доколку ми дадете одговор дека ќе се емитува и на македонски јазик, од причина што ќе понудиме или во иднина, откако ќе влезе во сила законот, по четири месеци, ќе имаме дигитален систем за пренос на седниците и на македонски и на албански јазик, од причина што дигиталниот систем има можност за дуален систем. Значи, две програми ќе се емитуваат истовремено. Тогаш, јас ќе поставам друго прашање.

Зошто толкава аверзија кон албанскиот јазик и ова не се санкционира со закон, затоа што емитувањата ќе бидат на македонски јазик и на албански јазик. Тоа треба да биде озаконето, да не биде после волја на политички партии кои ќе бидат на власт. Едно време беше ПДП, програмата на албански јазик од половина час ја направи секојдневно. Беше друга партија, направи трета програма, меѓутоа не ја озакони. Дојде денес една партија која го стави во употреба албанскиот јазик за да се емитуваат парламентарните седници на албански јазик, меѓутоа, тоа не е направено со закон. Сега зошто да го оставиме тоа на волја на некого, на директорот на МРТВ или на мнозинството во Парламентот. Ќе има емитување на албански јазик, или нема да има? Затоа јас барам ова да се сенкционира законски и да се каже дека третата програма ексклузивно ќе се занимава со пренос на парламентарните седници и на комисиите, на македонски јазик и на албански јазик, или употребете го уставниот термин кој вели, на јазикот на оние кои се над 20% во Република Македонија,  меѓутоа што не го говорат македонскиот јазик.

Јас незнам зошто сега имаме страв да го кажеме тоа. Зарем уште ќе имаме страв, уште ќе се плашиме да направиме нешто такво. Не. Тоа го дозволува Уставот. Тоа го дозволува Охридскиот договор и тоа треба да го дозволи и овој Парламент, кој оваа работа треба да ја санкционира. Јас не велам дека нема да има договор меѓу партнерите во коалицијата, не сегашните, и утрешните и другите што ќе дојдат. Се говори за долг живот, не се говори денес за дене. Зошто да го оставиме тоа на нечија волја, дали ќе има емитување на албански јазик или нема да има. Кога

законот ќе го регулира тоа, освен на македонски јазик, емитување ќе има и на албански јазик. Зошто да не го направиме тоа. Јас знам дека има и волја оваа работа да се направи. Меѓутоа, оваа работа ќе се направи на неформален начин во контакти, или во меѓупартиски договори што мислам дека во иднина, кога ќе дојде некоја друга коалиција, евентуално ако дојде, таа ќе ја прекине оваа спогодба. Меѓутоа, законот е многу тешко да се донесе и многу е тешко да се поништи, затоа што освен закони кои ја тангираат културата, јазикот, интересот на ентитетите кои живеат во Република Македонија и тоа неможе да се менува без Бадинтеровиот механизам. За тоа имаме прашање кое е во однос посебно на употребата на јазикот и тоа прашање ние лека полека треба да го финализираме, од причина што јас ќе ви кажам и некој ќе каже нема потреба да се нагласи употребата на јазикот. Тогаш јас ќе направам само една споредба. Зошто се нагласува употребата на јазикот во судските процеси, или законите кои се во однос на судските постапки, било да се кривични или други. Во секој закон во однос на судството се вели, странката која не го говори македонскиот јазик и припаѓа на етничката заедница која е над 20% во Република Македонија, има право да говори на неговиот мајчин јазик. Тогаш зошто немаме право да го ставиме и тука, да го санкционираме со закон употребувањето на јазикот на третиот канал на МРТВ. Или тоа треба да се направи кога немаме закон за употреба  на јазикот. Се говори дека ќе се подготви таков закон и добро е тоа што ќе се изготви. Меѓутоа, додека се изготви тој закон за употреба на јазиците не треба да има правен вакум кое нешто денес или утре ќе ни направи проблеми, службениците на шалтерите да неможат да го употребуваат мајчиниот јазик кое нешто е дадено со Уставот и со Охридскиот договор. Значи сите овие забелешки земете ги како позитивни забелешки за да ја зголемиме работата на Парламентот и да не ги оставаме работите недефинирани. Работите треба да се дефинираат, за нас да ни биде полесно за дејствување во иднина.

Јас не сакам повеќе да должам од причина што имав две забелешки од претседателот на Парламентот. Верувајте дека сите интервенции што ги направив во функција на изменување на овој член менувањето на оваа алинеја, алинеја 3 од членот 11. Затоа не би сакал повеќе да должам. Мислам дека треба да имам и барам максимална поддршка за оваа работа. Значи употребата на јазикот на третиот канал да се санкционира со закон. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Блгодарам господине Вејсели.

Јас се извинувам од моја страна, па мислам дека има поефективен начин тоа да се расправа и изнесе на Собранието.

Повелете господине Стојановски, имате збор, а потоа нека се подготви пратеникот Балковски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, директори на МРТВ, почитувани колеги пратеници,

Навистина читајќи го предложениот закон од страна на Владата преку Министерството за транспорт и врски, најпрво што забележав, забележав нелогичности. За каква нелогичност зборуваме. За да биде јасно ќе го прочитам членот 11 од постојниот закон кој вели. Радио и телевизиските програми на Македонската радио телевизија се емитуваат без надоместок, преку следниве мрежи на Јавното претпријатие за пренос и емитување на радиотелевизиски програми. Три радио мрежи на ултракратки бранови ВХВ и ЕФМ, една радио мрежа за средни бранови МФ и три телевизиски мрежи ВХВ, УХМ. Значи, со постојниот закон има три мрежи кои се користат, една радио мрежа на средни бранови и уште три телевизиски мрежи.

Кои измени се прават на овој член? Со овој предлог кој што ни е доставен, се вели вака. Зборот “три” во алинеите 1 и 3 се заменува со зборовите “две”. Значи, наместо три радио мрежи на ултракратки бранови, со овие измени се предлага да се користат две радио мрежи на ултракратки бранови и наместо три телевизиски мрежи да се користат две телевизиски мрежи на ВХВ и УХВ. Меѓутоа, со овие измени веднаш се вели дека по ставот 1 се додаваат два нови става 2 и 3 кои гласат дека Јавното претпријатие Македонска радиотелевизија преку третата телевизиска мрежа. Значи онаа мрежа, која што се укинува, согласно првиот став од измените кои што ни се предложени, сега со ставот 2 на овој член каде што вели дека Јавното претпријатие Македонска телевизија преку третата телевизиска мрежа, ќе емитиува директни и одложни преноси на седници на Собранието и така натаму. Значи ние не дискутираме за начинот на користењето на овие радио мрежи и телевизиски мрежи затоа што на овој начин со укинувањето од три на две, остануваат две. Ние можеме да дискутираме, согласно предлогот на Владата за две телевизиски, односно радио мрежи и за нивниот начин на користење, ако треба да се утврди прецисно што тие треба да претставуваат како можност на Македонската телевизија, односно нејзината функција како јавен радиодифузен сервис. Ако е тоа така, тогаш не гледам никаква логика во укинувањето на една мрежа, а потоа со овие измени и

дополнувања на Законот, се кажува на кој начин се користи трета телевизиска или трета радио мрежа. Апсолутно нелогичен предлог.

Се надевам дека претставникот на предлагачот ќе најде некакви аргументи, но незнам какви аргументи ќе бидат тие, затоа што ако веќе се укинуваат две мрежи, тогаш неможеме да зборуваме за начин на користење на тие две мрежи, или тоа ќе бидат мрежи кои ќе треба да се наплаќаат, евентуално, затоа што во членот 11 стои кои мрежи треба да се користат од страна на МРТВ, без надоместок. Ако треба да се плаќаат овие мрежи, за кои е наведен начинот на нивно користење во овој предлог, тогаш тоа нека се утврди јасно и децидно.

Втората работа која што навистина не можам да ја разберам а тоа е дека овие сега веќе иако укинати, начинот на нивното користење се утврдува со тоа што третата телевизиска мрежа треба да емитува директни и одложни преноси. Јас незнам каков е овој одложен пренос. Колку што јас знам тоа е снимка, меѓутоа одложен пренос за тоа веројатно треба да се запознаам подобро. Меѓутоа активностите на Собранието и на неговите други работни тела, сите оние активности кои што се одвиваат во Собранието на Република Македонија, нивното емитување е лимитирано на осумчасовна програма. Ние како Собрание единствено ни останува со посебна одллука да утврдиме како тие осум часа ќе се емитува таа програма, односно условите и начинот под кои Јавното претпријатие МРТ треба да ја обавува оваа функција.

По однос на третиот канал, односно третата радио мрежа која што од една страна се укинува, а на овој начин се утврдува нејзиното користење е наведено дека преку третата радио мрежа ЈП Македонска радио дифузија ќе емитува експериментална програма на постојната радио станица Канал 103, значи експериментална програма, сега засега во закон наведена, затоа што кога нема да биде таа експериментална тогаш треба да има повторни измени на Законот, затоа што само експериментална согласно овој закон треба да се емитува програма во која ќе бидат вклучени програми кои се однесуваат на невладиниот сектор. Значи, со користењето на оваа трета радио мрежа се обезбедува зголемено присуство на невладините организации на радио програмата на Канал 103 кој што треба да се занимава со овие активности. Меѓутоа, останува навистина најинтресно образложението кон овој предлог закон. Образложението, односно причините за донесување на овој закон кои што ни ги дава Владата на Република Македонија велат вака. А истовремено истите причини претставуваат и цели кои што треба да се постигнат со донесување на овој закон и се вели вака: една од целите односно

причините претставува висината на радиодифузната такса, односно процентот кој го користи МРТ, а кој бил димензиониран за два канали на радио и два канали на телевизија. Значи, ова е димензиониран за покривање на трошоците за два канали на радио и два канали на Телевизија. Како тогаш ќе функционира третот канал кој што се определува неговата намена на радио и третиот канал кој што се определува неговата намена за телевизија. Понатаму во контекст на оваа висина на радиодифузната такса, односно процентот кој што бил димензиониран согласно потребите на МРТ, во објаснувањето стои дека повеќе годишната финансиска криза оневозможува финансирање на три канали и вложување во санацја, а не развој на техничко технолошките капацитети, како и во вложување се разбира на нови технологии. Значи, ако имаме повеќе годишна финансиска криза, ние со укинување на еден канал и со пренамена на тој укинат канал  за користење на потребите на Собранието, или на невладини организации како радио канал, навистина не ги решаваме воопшто проблемите за повеќе годишната финансиска криза во која што се наоѓа МРТВ. Веќе се навикнавме во ова Собрание да добиваме ад хок решенија, значи, мислиме во овој момент дека ова треба вака да биде. Се сеќаваме на законот за радиодифузна дејност кога велевме дека со наплатата на радиодифузната такса од Електростопанство на Македонија ќе се подобри финансиската состојба на МРТВ, наплатата ќе се врши редовно, па се направи незаконско влијание врз банките да не примаат уплати кои што согласно позитивните законски прописи не може да го прави Владата на Република Македонија, меѓутоа тоа не е проблем за оваа Влада и на тој начин пак имаме едно образложение во кое што викаме: и покрај тие измени на Законот  повеќе годишната финансиска криза не е надмината, односно не се надминува. Сега што правиме? Значи, едно ад хок решение кое што се донесе нема ефекти, наместо да се излезе и да се каже дека начинот на финансирање на МРТВ не е адекатен на потребите за функционирање на оваа телевизиска куќа како јавен радиодифузен  државен сервис, дека преку таа телевизија и финансирањето на тој сервис, на таа медиумска куќа треба да биде точно дефинирано на кој начин може да се користи времето од страна на други субјекти, на кој начин може да се користи времето за пропагандни активности, односно за емитување на рекламни муради. Наместо да се дефинира децидно односот на приватните радиодифузни претпријатија, трговските и јавните радиодифузни претпријатија ние носиме ад хок решение тука кое што ни вели дека со укинувањето на еден канал повеќе годишната финансиска криза во МРТВ ќе почнува да се надминува, што не е точно. Апсолутно не е точно. Ако вие мислите дека онаа програма што досега се емитуваше на

третиот канал изискуваше многу повеќе средства од средствата кои што треба сега да се плаќаат за презентирање на собраниските активности преку третиот канал, или трошоците кои што ќе ги има третата радио мрежа преку функционирањето на Канал 103. И на тој начин канал 103 ќе биде тој кој што ќе си ги сноси сопствените трошоци за емитување на таа програма. Кога зборувам и за вработени и за техничко технолошки инвестирања во квалитетот на емитувањето, тогаш навистина сметам дека ниту едното ниту другото прашање не се решава, туку само се одлага тоа решение, а се создаваат напнатости од типот на она што го слушаме во овој Парламент, односно дека на јазиците на етничките малцински заедници недоволно ќе се презентира програма, дека собраниските активности, емитувањето на преносите од Собранието нема да биде адекватно, затоа што друго е кога некој друг ќе одлучува, друго е кога директно, непосредно граѓаните имаат право самите да ја осознаваат пораката која што им се праќа преку оваа собраниска говорница, или дека ќе се покрие целокупната територија на Република Македонија со сигнал кој што ќе биде квалитетен и на тој начин нема да има никаков проблем тие 10% кои што навистина незнаеме кои се тие 10%, затоа што 10% од територијата може да претставува и поголем и помал процент од населението на Република Македонија. Тие сигнали и таа програма не се емитува за покривање на територијата, туку за покривање, за можност на граѓаните кои што живеат на таа територија да ја следат програмата која што се емитува. Значи, такви анализи ние немаме. Понатаму, зборуваме за причини за донесување на овој закон, потреба од либерализација на радиодифузниот простор и зголемување на приватната иницијатива. Кажете ми на кој начин со овој закон со укинување на две мрежи кои што ги користи Македонската радио-телевизија со утврдување на начин на користење на тие две мрежи понатаму ќе се зголеми либерализацијата на радиодифузниот простор во Република Македонија како и ќе се зголеми приватната иницијатива во Радиодифузниот сектор. Можете тоа да го кажете, ако излезете пред Владата и да кажете, ние сакаме средства кои што ќе се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, за финансирање на МРТВ, а се откажуваме од дел од средствата кои што се наменети за радиодифузна такса, за приватните радио-дифузни друштва, со тоа што тоа би се регулирало на начин кој што ќе значи дефинитивно утврдување на правилата на игра во овој сектор. Тоа значи таа трансформација, или поставување на работите на свое место во Република Македонија во овој сектор, меѓутоа факт е дека ад хок решенијата и се поблиски на оваа Влада отколку целосното и квалитетно долгорочно решавање на проблемите

со кои што се соочува и МРТВ, меѓутоа не само МРТВ, сега гледаме дека истите тие проблеми се префрлаат и во однос на јавните преноси кои што се емитуваат од Собранието на Република Македонија како и во однос на оние програми кои што беа емитувани на третата радиодифузна мрежа на програмите на македонското радио. Значи, системски решенија нема, а како понатаму и покрај овој закон одговорот не го добиваме. Навистина не го добиваме одговорот дека со овој закон се решава нешто долгорочо, туку велиме дека ова придонесува за итната трансформација на МРТВ. Зошто на пример тие 180 илјади евра кои што се наведени во образложението дека се потреба за подобрување на функционирањето на третиот канал на МРТВ, тука се специфицирани, меѓутоа зошто, да видиме дали се баш тие кои што значат подобрување на техничко технолошката состојба, зборувам заедно со нив. И некои други елементи некои други сектори кои што ќе значат подобрување, затоа што за решавање не можеме да зборуваме во овој момент, подобрување на калитетот на програмите кои што се емитуваат преку МРТВ и начинот на нивно создавање. Сметам дека уште една причина која што се кажува а тоа се однесува на обемот на часови кој што се емитува на програмите и дека обемот на часови кој што се емитувал на програмата досега и во некои кој што треба после овој закон да се емитува, ќе значел обезбедување на финансиски и техничко технолошки услови за создавање на квалитетна програма, тоа апсолутно не држи. На тоа може некој само да се надева, меѓутоа тоа е пуста надеж, затоа што МРТВ може да функционира само ако состојбите во радиодифузијата во Република Македонија се решат во целост, а во контекст на тоа се постават и статусот и начинот на финансирање и односите во МРТВ. Значи, не сакам да должам, тоа сакав да го кажам како аргумент за моето негласање за овој закон, со тоа што сакам да ја цитирам директорката на МРТВ која што на Комисијата за транспорт и врски и екологија вели дека проблемите од финансиски аспект во кои што се наоѓа МРТВ се настанати пред се од ниското ниво на наплата на радиодифузната такса и процентот што го користи МРТВ. Значи, директорот на МРТВ признава дека со измените на Законот за радиодифузна дејност со која што радиодифузната такса стана дел наводно од цената на електричната енергија не се реши проблемот со наплатата на радиодифузната такса и на тој начин продолжуваме со импровизации како што се решенијата предвидени со овој закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор Гордана Стошиќ/

ГОРДАНА СТОШИЌ:

Проблемите со ниската наплата на радиодифузната такса постојат од 1997 година наваму. Ова што сега се случува последните три-четири месеци е благодарение на измените во Законот и активностите на Владата и на ЕСМ, го зголемуваат процентот за околу 60%. Во изминатите години процентот на собирање на радиодифузна такса има паднато дури во една година и на 28%. Ве молам, тоа се наталожени проблеми. Никогаш основачот не успеал да го најде решението за стабилно финансирање на МРТ.МРТ постојано добивало обврски без да се дефинираат изворите на средства. Ценам дека на овој начин кога на МРТ и се дава намален број на активности во смисла на создавање сопствена програма во услови кога не постои расположение ниту да се покачи висината на радиодифузната такса ниту да се зголеми рекламниот простор. Веројатно е ова решението за да можеме конечно да произведуваме толку колку што имаме пари.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута контра реплика, повелете г-дине Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Сметам дека процентот на наплата, односно висината на средства кои што се обезбедуваат со наплата на радиодифузната такса како што велите и самите и како што кажав јас, не соодветствуваат на потребите за функционирање на МРТВ. Што значи дека тој начин на финансирање на МРТВ не е адекватен на нормалното и функционално работење согласно позицијата на МРТВ. Ако е тоа така, зошто Владата не го реши троЈ проблем на начинот на финансирање на МРТВ, туку не обременува со измени на Законот за радиодифузна дејност како и со вакви измени, со укинување на канали кои што не значат решавање на ова прашање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Макрадули три минути реплика.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Да се обидам во репликата да појаснам некои работи што мислам и како забуна ги кажа г-динот Стојановски.

Прво, измените за кои што дискутираме сега и кои што господинот Стојановски ги читаше се однесуваат на законот за основање на јавното препријатие МРТВ. И таму во членот 11 кој вели дека радио и телевизиски програми на МРТВ се емитуваат без надоместок преку следниве мрежи и наместо три, пишува две. Никој не ја укинува третата мрежа телевизиска и третата радио мрежа на јавното претпријатие Македонска радио дифузија бидејќи тие се регулирани со Законот за

ЈП Македонска радио дифузија. Затоа вашата дилема е по која мрежа ќе се емитува собраниският канал? Ќе се емитува по третата мрежа дефинирана во Законот за ЈП Македонска радиодифузија. И тука нема дилема.

Второ, зошто ќе биде ова поевтино? Бидејќи не ќе мора авторските права да се плаќаат за филмовите што одат на третата програма, на третиот канал, незнам дали се гледале, бидејќи МРТВ си ги плаќа регуларно сите авторски права за разлика од некои диви телевизиски станици. Очигледно барем тој трошок ќе биде помал. Да не тргнеме во другите елаборации, она што е видливо од првиот момент. Уште еднаш да напоменам не станува збор за ад хок заклучок, туку ова е последица од заклучок што ова Собрание го има донесено што ја задолжило Владата да преземе чекори за решавање на финансиската криза, но пред се за решавање на проблемот со емитувањето на програмата на заедниците за време на извршувањето на собраниските седници. И, тој напор мислам дека ќе биде поздравен од сите и од таа страна ќе се зголеми претплатата да речеме од припадниците на етничките заедници кои не се во мнозинство во Република Македонија. А она што не сакате да го прочитате во материјалот што ви е даден пишува дека Собранието ќе обезбеди техничка опременост и овие средства се за техничка опременост на Собранието за да може да генерира сигнал од собранието спрема надвор. И сега на третата мрежа има сигнал. Значи, тука не треба во тој дел да се интервенира освен во покриеноста. Овде убаво пишува, во собраниската сала не требаат камери, но во комисиите од каде што сакаме да се пренесува работата ни треба камера, ни треба додатно светло, бидејќи техниката е таква, мора да има потребен број на лукса за да може да се емитува преносот, или пак да не зборувам за тонските миксети итн., да не влеземе во една техничка експликација на нешто што убаво е напишано и убаво опишано и кој добронамерно сака да го прочита не може поинаку да го толкува.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Ќе почнам од крајот. Значи, ако треба технички да се опремува Собранието, јас не гледам логика во овој закон да зборуваме за финансирање на техничкото опремување на Собранието, затоа што тоа треба да го направи Собранието на Република Македонија согласно средствата кои што се определени во буџетот за намени на функционирање на Собранието.

Втора работа ако не се емитуваат филмови, тоа за вас ќе значи решавање на тешката финансиска состојба на МРТВ или ќе значи некакво подобрување на финансиската состојба? Сметам дека тоа не држи апсолутно.

А во однос на каналите кои што велите дека се три, а тука остануваат два. Ќе ве прашам, дали третиот ќе се плаќа, или нема да се плаќа затоа што со досегашниот член 11 стоеше дека три нема да се плаќаат, а сега согласно она што го кажувате значи дека два нема да се плаќаат, а третиот треба да најдеме начин, односно го утврдуваме начинот на програмата што треба да се емитува на него.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Мала интрервенција. Во овој закон ниту се зборува за техничка опременост. Тие материјали беа дадени како додатни материјали и информации со што Собранието треба да биде опремено за да може комплетно третиот канал да го покрие. Инаку, не зборува во Законот за тоа.

Има збор Љупчо Балковски.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, претставници на Владата и на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија,

Веднаш сакам да напоменам дека ние ги поддржуваме сите програми, ги поддржуваме сите анализи кои што одат во насока на развој на МРТВ. И, беше подржана и програмата за санација и трансформација на ЈП МРТВ. Во таа насока и од Комисијата и Собранието ја усвои таа програма.

Меѓутоа, мое мислење е дека сепак со овој закон не се носи развој на МРТВ, затоа што се укинува од три на две телевизиски програми, а исто така и радио програмите.

Мислам дека овој закон треба да оди во две фази, самата Влада увиде дека сепак немаме технички решенија за реализација на овој закон, го поднесе амандманот, амандманот е прифатен, амандманот се предлагаше заради продолжување на рокот на неговата примена во која треба да се извршат соодветни технички и други подготовки во ЈП МРТВ.

Овде цело време зборуваме и ја спомнуваме МРТВ, меѓутоа, сепак мислам дека како повереник на Владата требаше да биде присутен и директорот на Јавното претпријатие Македонска радио дифузија за да некои работи ги расчистиме со донесување на законот затоа што овде пред се кажуваме дека четири месеци ќе ни се потребни заради техничката опременост, а тоа треба да го направи Јавното претпријатие Македонска радио дифузија, а не само МРТВ. Може да ни се случи едноставно по 4 месеци сите тие технички и други подготовки што се потребни да не бидат готови и автоматски тој рок да го одложиме.

Затоа лмногу подобро беше овој Предлог закон да оди во прва фаза, да го усвоиме, а кога ќе се создадат технички услови за реализација на ова што сакаме да го постигнеме со овој закон, тогаш да ја донесеме конечната верзија затоа што на некој начин имаме само донесување на законот, а одложување на неговата примена која сепак не зависи ниту од Собранието ниту од Владата, едноставно од двете јавни претпријатија и МРТВ и Македонската радио дифузија.

Кога сме кај причините за донесување на овој Предлог закон, сакам да го напоменам следното, а тоа е дека причина за донесување на Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Јавно претпријатие МРТВ се пред се изменетата состојба во област на радио дифузијата, либерализацијата на дифузниот простор во насока на зголемување на приватната иницијатива.

Бидејќи се само три члена од кои два се конкретни, не наоѓаме никаде дека се зголемува приватната иницијатива, а во целите на образложението на овој закон се кажува дека надминување на финансиската криза и оневозможување на МРТВ да биде конкурентна како на домашниот така и на странскиот пазар ја прави некомпатибилна за остварување на улогата на јавен сервис според европските стандарди.

Што сакаме да постигнеме со овој Предлог закон? Ако сакаме да постигнеме развој во МРТВ, што е определба на сите нас и како пратеници и како ЈП МРТВ, едноставно мислам дека нема да се успее на ваков начин затоа што развој со укинување нема да даде никакви резултати.

Друга работа е финансиската состојба на МРТВ и на неколку пати кога ја донесувавме Информацијата односно кога ја усвојувавме Програмата и во работа на комисиите генералниот директор ни објасни на неколку начини како таа финансиска ситуација може да се среди, меѓутоа, овде на овој начин финансиската состојба на Јавното претпријатие нема да се среди затоа што,  пред се, јас не знам дали има направено или не една финансиска анализа колку ќе се заштеди на ваков начин односно колку се сегашните трошоци со прва, втора и трета програма на МРТВ и колку ќе бидат трошоците кога ќе ја укинеме третата програма кој го нарекуваме собраниски канал, меѓутоа, јас би рекол дека тоа е всушност на некој начин да не се укине, бидејќи ја укинуваме програмата, мрежата ја имаме, па сега што ќе правиме со мрежата ајде ќе направиме собраниски канал.

Инаку, не треба да се залажуваме дека ова го носиме од аспект на подобро функционирање и информирање на Собранието, па сега ќе правиме

преноси од комисиите или одложени преноси. Едноставно, бидејќи ќе немаме програма на таа трета мрежа, наоѓаме начин како тоа да го пополниме.

Во првата фаза кажавме дека ќе се пренесуваат само директни телевизиски преноси одложени односно снимки на комисиите, а после тоа ќе нема програма, сега имаме допис од генералниот директор на МРТВ каде кажува дека ќе имаме дополнување на собраниската програма, прашањето е дали навистина се има направено една анализа колку МРТВ ќе заштеди со ваквиот начин на функционирање.

Кога сме кај финансиските средства овде се кажува дека за нормално функционирање на овој собраниски канал, како што го нарекуваме, меѓутоа, сакам да нагласам дека ни во причините ни во целите не е објаснето за тој собраниски канал, туку само со допис од генералниот директор имаме концепт за функционирање на ТВ канал на Собранието на Република Македонија и кажа дека се потребни 178 илјади евра. Овие 178 илјади евра како сума ќе треба да видиме на каков начин ќе се обезбедат од една страна, а од друга страна дали се евидентирани во Буџетот на Република Македонија за 2005 година. Може да ни се случи овде нешто предлагаме, но Министерството за финансии тоа да не го усвои, а од друга страна сакаме нешто да направиме, меѓутоа без средства не може да се направи.

Дали овие средства се влезени во новиот буџет за 2005 година и да видиме дали имаме финансиска анализа колку заштедуваме со ваквата концепција на МРТВ за да ја видиме оправданоста од финансиски аспект. Инаку, оправданост, развој , воопшто нема затоа што наместо да одиме во насока на развивање на мрежите, јас би рекол зошто оваа трета телевизиска мрежа ја правиме како програма на собранискиот канал, ако сакавме како Собрание да имаме поголема информираност пред граѓаните, требаше независно од овие три канали да направиме нов канал, а не, бидејќи се укинува програмата, па да правиме нов собраниски канал и да објаснуваме дека тоа е многу добро и за Собранието и за граѓаните и за гласачите дека ќе имаат многу повеќе информации за работата на пратениците, за работата на партиите, комисиите и Собранието.

Друго прашање што сега се отвора  и мислам дека треба да се одговори, што ќе се прави ако веќе имаме прва програма на МРТВ, и треба да видиме што таа програма ќе пренесува. Понатаму треба децидно да ни биде кажано што ќе пренесува втората програма на МРТВ кога знаеме дека за собранискиот канал имаме концепт, но немаме концепт за првата и втората програма. Ќе беше

добро како што ни се објасни работата на собранискиот ТВ канал со колку средства и како може да функционира, требаше да ни се објасни на пратениците како основачи на ЈП МРТВ што и каква програмска шема ќе има првата и втората програма на МРТВ затоа што од албанските партии, но и од македонските партии сите се во некоја недоумица како ќе функционираат тие две програми. Мислам дека можам да кажам не од финансиски, туку од сосема друг аспект, нормално функционирање на програмите, сега создаваме проблем што мислам дека и овие 4 месеци нема да бидат доволни да се реши тоа и затоа предложив овој закон да оди во две фази односно сега да усвоиме саом прва фаза.

Кога зборувам за програмските шеми на првата и втората програма треба да се запрашаме и да ни се даде одговор што ќе се прави со вработените што работат во втората програма на МРТВ, на некој начин ќе има прераспределување, нормално технолошки вишок, ние како Комисија усвоивме некои одлуки за одделување на некои сектори од МРТВ, меѓутоа, како број на вработени не ни беше кажано колку вработени се тоа и што ќе се прави со бројот на вработените односно со вработените кои ги прават програмите на втората програма на МРТВ.

Тоа се работи кои требаше да се донесат со една анализа и мислам дека пребрзо се носи овој предлог закон, а и самата Влада во разговорите што ги имавме на Комисијата со претставниците на Владата, меѓутоа и со МРТВ, таму беа присутни од Македонската радио дифузија, па затоа барав овде да бидат присутни претстанвници од Македонската радио дифузија, односно директорот , треба да се види на каков начин ќе функционира и колку ќе придонесе за развојот на МРТВ.

Кога зборуваме за финансиската состојба сакам да напоменам, тоа го кажав и на Комисијата, дека Владата треба да размисли и да донесе одлука за отпишување на долговите на неколку јавни претпријатија, но еве како Собрание да предложиме Владата да размисли да го отпише долгот и на ЈП МРТВ. Ако можеше на неколку јавни претпријатија тоа да го направи, мислам дека во интерес и на државата, во интерес на вработените кои професионално си ја објавуваат дејност, меѓутоа и во интерес на целокупното Јавно претпријатије МРТВ, навистина Владата требаше да изнајде таков начин со кој ќе придонесе за почеток за развојот на МРТВ, а не со еден закон кој ќе значи рестрикција односно укинување на нешто што е веќе направено. Наместо да одиме чекор напред и тоа да го надополнуваме и го надградуваме и ги изнајдеме начините како подобро и поефикасно би функционирало во сегашниот систем за да бидеме некоја конкуренција со сите европски телевизии според сите европски стандарди ова укинување на програмите

односно на мрежите не носи до никаков развој и затоа можеби како предлог во оваа програма што се носи во оваа трансформација Владата, можеби сеуште не е доцна сигурно, меѓутоа, треба да планира и една приватизација на еден канал на МРТВ за да се придонесе, веќе неколку пати кажав, сите сме за развој на МРТВ.

Има навистина неколку прашања што треба да се одговорат, меѓутоа, треба да се одговорат врз основа на анализи направени и од МРТВ, меѓутоа и од Јавното претпријатие Македонска радио дифузија во однос на покриеноста, во однос на функционирање на мрежите како дигитализација и сите други работи кои ќе донесат, бидете сигурни, проблем во функционирање на собранискиот канал, после ќе имаме проблем со функционирање односно со јазикот на етничките заедници затоа што едноставно сега на некој начин  можеби трпеше програмската шема кога ќе има продолжени седници на Собранието, меѓутоа, сепак да се изнајде начин како на најдобар можен начин да функционира, но сега веќе ќе влеземе во еден проблем за кој верувам дека нема да се реши за овие 4 месеци и затоа најдобар начин е овој Предлог закон да го донесеме во прва фаза, еве уште еднаш да повторма, имаше амандман на Владата кој кажува дека функционирањето на овој закон ќе профункционира по 4 месеци, за овој период, можеби нема да се четири, може три или пет месеци, едноставно и едното ЈП МРТВ, меѓутоа сепак и Јавното претпријатие Македонска радио дифузија да бидат технички подготвени да продолжат со програмата која со сите законски акти ги направило односно Министерството за транспорт и врски ги предлага како Предлог закон. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Балковски, кога веќе го спомнавте амандманот на Владата ве известувам дека токму на тој амандман Владата, во меѓувреме поднесе амандман за менување на член 3 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Вие знаете, имаше дискусија, дека беше непрецизен, сега амандманот е прецизен и дека овој закон се применува по истекот, а не во рок.

Амандманот на Владата е составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Има збор г-динот Марјан Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Почитуван г-дине претседателе, почитувани дами и г-да пратеници, почитувани претставници на Владата на Република Македонија,

Јас во моето обраќање по текстот на законот би сакал да се осврнам на содржинските експликации, а не натехничките и веднаш на почетокот би сакал да истакнам дека ги подржувам сите дискутанти кои укажаа на тоа дека постои контрадикторност меѓу барањето за итна постапка при донесувањето на овој закон и денешниот амандман на Владата на Република Македонија кој укажува на тоа дека примената ќе биде во рок од 4 месеци, што укажува натоа дека можело да се постапи и поинаку доколку конзистентно се пристапило кон подготовката на овој закон, но не е така постапено и тоа покажува и ја афирмира импровизацијата и оставеноста сама на себе на управувачкиот тим на МРТВ која треба да ги разреши и надмени тешкие материјални состојби во МРТВ како национална телевизија.

Во тој дел ќе се задржам во насока на соборување на целите кои се искажани како придружно образложение на текстот на законот и во делот на финансиска одржливост на овој концепт.

Во однос на целите тука во третата реченица стои дека во овој закон за изменување и дополнување на Законот за основање Јавно претпријатие се либерализира радиодифузниот простор во насока на зголемување на приватната иницијатива.

Сметам дека тоа неможе да биде цел ниту на МРТВ ниту во основа на поширокиот закон за радио дифузија и на крајот на краиштата она што претставува национално богатство тоа е етерот кој е еден од националните богатсва на Република Македонија каде националната државна телевизија не може да се залага за либерализација и зголемување на приватна иницијатива.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Јас и во дискусијата по повод донесување на заклучоците на 27.06.2003 година укажав дека се работи за концепт. Ако ние овој концепт не го разбереме што значи државна телевизија и понатаму мешаме приватни телевизии и државни телевизии и сакаме државната телевизија да ја направиме конкурентна со приватната телевизија, а притоа го држиме кесето во Буџетот, не сакаме да го пуштиме и ги оставаме луѓето во МРТВ сами да се борат со проблемите, ние нема да имаме квалитетна национална телевизија, нема да имаме квалитетни канали, нема да имаме квалитетни мрежи и на крајот на краиштата сето тоа ќе се одрази врз паритетот на јавниот сервис, на граѓаните. Значи тука се работи за концепт.

Овој текст го промовира истиот концепт кој што беше до сега, а тој концепт е дека МРТВ иако формално се деструктуираше согласно Законот за јавните

претпријатија 1998 и 2000 година таа во основа по инерција си продолжи да работи како поранешна државна телевизија, од времето пред 1990 година. Си работеше така, проблемите се напластуваа, барањето за сите оние аспекти на цивилното општество, на етничките заедници, на сето она што претставува модернизација на програмскиот аспект ја обременуваа МРТВ и таа се соочуваше со се подлабоки финансиски проблеми. Од тој аспект ако се земе дека радиодифузната такса од познати причини во Република Македонија и неможноста на санкционирањето на наплатувањето на радиодифузна такса, а од друга страна процесот на приватизација и либерализација на радиодифузниот простор ја доведе МРТВ во една безизлезна положба. Од година во година таа искажуваше загуби. Тие загуби ако се пресметаат кумулативно ја подјадоа дури и основата на она што претставува основна вредност на МРТВ. Тука лежи проблемот што ние треба да се бориме за концепт.

Овој концепт што се нуди е продолжување на тој иницијален од и импровизаторски од каде што се остава тој тим кој што сега раководи со МРТВ жешкитре костени да ги влече, затоа што не нуди никаква перспектива освен голата фразеологија дека МРТВ ќе се определи и ќе обезбеди квалитетни преноси и содржински побогато информирање од седниците на Собранието на Република Македонија, па на комисиите, па во една заедничка корелација со фиансиски напори на Собранието да се реорганизира МРТВ, Третиот канал ќе го отстапи на она што претставува афирмирање на македонската јавност преку седниците на Собранието и сето она што претставува комисиска работа.

Јас мислам дека тука мора да има некоја подлабока димензија ваквиот предлог. Тој не може да биде природен предлог од една куќа која што се бори со финансиски проблеми, туку тоа мора да е иницирано од нешто што претставува повторно еден реформски потез кој пред се има за задача, видовме се издвоија секторот маркетинг, гласавме во Собранието да се издвои секторот маркетинг, секторот истражување, секторот дизајн на програмата и се донесе одлука за склучување договор за деловна соработка со музичките студија и некои од оркестрите на МРТВ. Сето тоа има за цел рационализација пред се во кадарот на МРТВ а овој закон ќе продолжи длабински да засекува по бројот на вработените. Тоа треба да го кажеме отворено.

Тоа е повторно нови невработени во Република Македонија. Пред неколку дена говоревме за Буџетот. Кажавме дека имаме зголемување на вработувањето, меѓутоа овој закон ќе отвори проблем на отпуштање на работници од МРТВ. Тоа не

води кон нови вработувања, туку сосема спротивно ќе донесе нов број на невработени луѓе во Република Македонија.

Целите вака дефинирани не одат во прилог на афирмативната димензија на државната телевизија. Тие мора да бидат ревидирани. Јас веќе говорев, имаме двојство на интереси на државниот национален канал и на она што претставува приватна телевизија.

За приватната телевизија информацијата е пари. Таму секоја информација чини пари и таму сето тоа се преточува на крајот во профт и загуба на едно приватно претпријатие кое што емитира приватен ТВ сигнал преку приватниот ТВ канал.

Од друга страна за државната телевизија информацијата не е пари. Информацијата е заштита на државниот, односно националниот интерес. За едукација на граѓаните на Република Македонија дека нашата држава е најдобра. Дека Македонија е држава во која што требада се живее, добро се живее, Македонија има перспектива, Македонија чекори напред кон тоа што се определивме заедно, ЕУ и Евроатлантската алијанса и дека Македонија е држава која што претставува место каде што идните генерации треба да живеат во оваа држава.

Ако така го гледаме концептот и целите на МРТВ тогаш мора во ставот ИИ од образложението - финансиски средства потребни за обезбедување на законот да кажеме дека за спроведување на овој закон се потребни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија. Ако кажеме дека не се потребни овој текст на законот не може да биде применлив, ќе остане една пуста желба, еден изолиран обид на раководството на МРТВ да реши проблеми за кои што тоа ниту е виновно, ниту може да ги разреши без пари.

Ако овој закон не биде придружен со конкретна финансиска одржливост на системот на МРТВ, ние сега говориме дека на Третиот канал, текстот е така сочинет, многу сувопарно по ставот 1 се додаваат нови ставови 2 и 3 кои гласат како што гласат, меѓутоа ние не кажуваме како ќе биде одржлив тој систем. Колку пари ќе треба. Колку се сега загубите со деветомесечјето. На крајот на годината каква загуба ќе искаже МРТВ и што од ова ќе имаат на крајот на краиштата сите граѓани кои што коректно и чесно си ја плаќаат радиодифузната такса.

Ова е само еден текст кој што покажува добра желба во делот на афирмација на работењето на Собранието на Република Македонија, но во делот на одржлив систем финансиски, организациски, функционален, кадровски тоа не го кажува.

Ова што сега се предлага тука иницира организациони промени во МРТВ, иницира кадровски промени во МРТВ, иницира финансиски аспекти на понатамошната организација на МРТВ и сето тоа на крајот на краиштата ние како основачи мора да го знаеме. Ние не можеме да носиме закон во Парламентот на Република Македонија без да знаеме какви се сите овие импликации по квалитетот на сервисот што го дава МРТВ.

На крајот на краиштата еднаш за секогаш ние треба да дефинираме во оној дел што ни е претставен што е јавно претпријатие за Република Македонија. Конкретно што е содржината на користењето на етерот во Република Македонија. На каков начин и Законот за радиодифузија го третира и става еквивалентен помеѓу државната телевизија и приватните телевизии. Тука едноставно ние немаме одговор, овој закон не дава одговор и токму затоа мислам дека тој требаше да оди во две фази, да се отвори една дебата тука, да се кажат содржинските димензии кои што бараат еден многу покомплексен закон, не вака во два члена, туку закон кој што ќе ги опфати сите членови, па тука да бидат сите оние повикани од областа на користење на етерот и на таков начин да дојдеме до квалитетни решенија за МРТВ.

На ваков начин мислам дека се отвора простор да се размислува дека ние повторно прелеваме од шупло во празно, од една во друга насока одиме меѓутоа не го наоѓаме вистинскиот патоказ за тоа како треба да работи МРТВ, за што имаме оправдување. Ние немаме споредбен систем. Ние имаме споредбен систем со МРТВ пред 1990 година и споредбен систем пред 1990 година кога МРТВ е регистрирана како јавно претпријатие. Сега немаме споредбен систем да видиме, освен во другите држави како е тоа организирано, како е организирано во Грција, како е организирано во Германија, како е организирано во Бугарија, во Словенија и тогаш да направиме споредба како ние МРТВ треба да ја организираме во Македонија. Ние не можеме секогаш да измислуваме оргинални методологии како да го организираме јавниот сервис на граѓаните на Република Македонија.

Тука имаме недостиг на храброст, еднаш да кажеме дека за јавен сервис на граѓаните треба да се финансираат средства од Буџетот. Друго е што министерството за транспорт и врски не може да се избори за средства од Буџетот, затоа што Министерството за финансии не одобрува, но тука лежи тајната во неуспехот на ваквите палијативни измени и дополнувања без посеопфатна дебата колку се загубите, кумулативни и годинашни, како ќе се наплатува радиодифузната такса, на кој начин можеме да користиме преку Законот за радиодифузија она што претставува концесија на приватните телевизиски емитери да може да биде тоа

внесено во финансискиот систем на националниот канал односно националната мрежа и на таков начин да не зборуваме за конкурентност на МРТВ. Таа не може да биде конкурентна. Таа си е јавен сервис на граѓаните. Таа мора да биде финансирана од Буџетот и тоа во Буџетот, бидејќи сите ги ставаме во Буџетот, и Фондот за пензиско инвалидско осигурување, Фондот за здравствено осигурување, ќе ги ставиме и приходите од радиодифузната такса во Буџетот, па од таму повторно ќе се финансира расходната страна и трошоците на МРТВ.

Значи, едноставно немаме потреба за двојни аршини, туку мора да дефинираме како МРТВ ќе се организира согласно потребата таа да биде јавен сервис на граѓаните. Вака како што е сега таа не може да биде јавен сервис. Овој закон не кажува како ќе се издвои функцијата маркетинг. Дали МРТВ на Првиот канал ќе има реклами и на кој начин тие реклами и пропагандни емитирања ќе носат приход за МРТВ. Не кажува овој закон за изменување и дополнување дали и понатаму ќе имаме можност како држава да следиме светски првенства, европски првенства, затоа што ќе има само еден канал. Дали ќе биде тоа доволно, дали ќе имаме можност за културно емитирање на програми, настапи на она што претставува македонска вредност во светски рамки во доменот на културата. Значи, за тоа ништо не кажува. Едноставно само го стеснуваме просторот, а не кажуваме дали е тој систем програмски, финансиски, кадровски одржлив.

За ваков закон јас не можам да гласам за затоа што сметам дека ние не сме храбри, многу бегло, избегнуваме да се соочиме со вистината а таа е дека некогаш за некои работи да ги поставиме како што треба треба секогаш да тргнеме од основата, а тоа се парите. Тука никој не кажува дека МРТВ е во тешка финансиска ситуација, нема пари, а без пари нема квалитет. Со ова не се обезбедува пари, со ова нема финансиска основа, нема финансиски одржлив систем и затоа овој закон не може да биде применлив онака како што е предложен. Тој добро е замислен, добро кажува сега ќе се обидеме, ќе пренесуваме, но ние како основачи во заклучоците на 27.06. не баравме ваков закон. Не баравме нешто посебно да се обезбеди преноси на седниците на Собранието на ваков начин. Ние баравме да се направи одржлив систем за МРТВ. Ова што се нуди сега го имавме и до сега, со мали подобруања може ќе биде подобро, но во основа нема да ја подобри ситуацијата во МРТВ и овие измени и дополни и овој текст на законот не значат подобрување на сите аспекти на функционирање на Јавното претпријатие МРТВ. Од тука јас ќе се произнесам со гласање против овој закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Стаменков, имате збор.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Благодарам претседателе.

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги, јас ќе гласам против овој закон бидејќи сметам дека не нуди ништо од она што е напишано во образложението, дека нешто ќе се подобри финансиската состојба на МРТВ, односно на државната македонска телевизија или дека ќе добиеме нешто поквалитетно како програма од сегашната што ја имаме.

Сметам дека овој закон е еден од многуте лоши работи и лоши закони што се предложени во овој Парламент, набрзина составен и напишан и предложен на Парламентот да се донесе. Значи, Владата продолжува со истата пракса да ни нуди на Собранието закони кои што едноставно не се добри. Ние сето тоа го прифаќаме, односно мнозинството пратеници, поддржувачите на Владата си ги прифаќаат тие работи без да се спротивстават, иако во овој случај Владата конкретно се меша точно во работите на Собранието. Основач на Јавното претпријатие е Собранието, а Владата ни предлага закон со кој што прави измена токму во ова Јавно претпријатие. Ние како пратеници треба да го прифатиме сето тоа и да си помине како и сите други закони кои што поминаа во овој Парламент. Таа пракса гледаме каде не води, ние продолжуваме со неа, иако доста од пратениците гледаат дека е тоа така и дека ова не води се подолу и подолу.

Со овој закон едноставно се предлага да се воведе трет канал за пренос на собраниските седници и за некои други работи поврзани со Собранието, а Вториот канал да си има некоја друга функција и дека со тоа ќе се овозможело подобро финансиско работење во МРТВ, поквалитетна програма и не знам што друго.

Тоа едноставно не држи место бидејќи ниту народот ќе ги има собраниските седници како сега што ги има да може да ги гледа и од прва рака да се запознае со законите кои се донесуваат во државата, да биде во тек со законските решенија кои се предлагаат, а гледаме колку се лоши тие законски решенија и едноставно да ја има и работата на Владата пред себе и да биде запознаен со сите измени што ќе уследат во државата, бидејќи знаеме дека службените весници не се достапни за сите граѓани на државата, па така не можат да ги следат законите кои што се менуваат. Еден од облиците на информирањето на граѓаните е токму што седниците на Собранието МРТВ ги пренесува, а ние знаеме и е факт дека голем дел од територијата на Република Македонија не е покриен со Третиот канал. Еве, јас

доаѓам од Кочани, во Кочани нема сигнал на Третиот канал и сите градови и села во околината не можат да го следат тоа. Можеби би прифатиле такво нешто доколку претходно се создадат неопходни технички услови за да имаат сигнал сите села и градови во Република Македонија.

Значи, сметам дека Владата треба да го повлече овој закон бидејќи е предвремен, не се исполнети условите кои се неопходни за да се изврши една таква промена и премостување на преносот на собраниските седници на еден канал кој што не е следен од сите граѓани во Република Македонија. И сметам дека ние како Собрание, односно како основачи во соработка со службите на МРТВ треба да изнајдеме едно квалитетно решение како ова Јавно претпријатие да застане на здрави нозе и да дава што поквалитетни услуги на граѓаните, а тоа се информации преку електронскиот медиум.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Ефтим Манев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, ќе бидам доста краток бидејќи имаше повеќе дискусии по Предлогот на законот за изменување на Законот за МРТВ.

Предложеното решение дури не е ни предмет на работа на Собранието. Што може Собранието да решава дали преносите кои ќе се обавуваат од Собранието до сега од Втора програма да поминат на Канал 3. Тоа што се пренесуваше на Канал 3 по однос на емисиите на заедниците на етничките заедници да биде на Канал 2. Сето тоа сметам дека е работа на МРТВ, не е тоа предмет на Собранието. Предмет на Собранието е, ние подолго време расправаме дека на Република Македонија и е потребен нов закон за МРТВ со кој би ги решиле проблемите кои што висат во оваа куќа. Инаку, со ова баш ништо не се прави.

Дали ќе се пренесува од канал 2 на Канал 3, или ние ќе расправаме цел ден за една работа која сметам дека воопшто не би требало да биде предмет на законот.

Со законот може да се задолжи МРТВ да врши пренос на седниците на Собранието и колку емисии и колкав е просторот на емисиите кои што треба да ги дава на заедниците на малцинствата. Инаку ова со закон да влезе каде тие ќе одат, на кој канал, сметам дека е ислишно.

Исто така, во самиот предлог на законот и амандманот кој што го дава нахнадно Владата,очигледно е дека овој Канал 3 не е оспособен засега да го прави тоа, туку ќе го прави после 4 месеци.

Зошто е тогаш донесувањето денеска на овој закон? Зошто би било денеска кога тоа ќе го направиме после 4 месеци. Ако било направено, ако било сето готово, па се предложело тогаш што треба да го правиме тогаш, тогаш тоа би се донело. Ова е чисто губење на време на Парламентот да работи, кој што воопшто не припаѓаат сега. Сега во самиот амандман, кој што го предлага Владата ќе се применува вели, во рок од 4 месеци. Таа формулација се гледа дека е многу набрзина, нема ни правна дикција. Не стои регулирање во рок од 4 дена за да можат да кажат дека се применува од 1 март, што е многу поисправно, правно, отколку 4 месеци. Тие 4 месеци дали ќе бидат на 28 февруари, кога ќе се објави во Службен весник законот. Мислам дека досега ниту еден закон немаме таков да се одлага на месец или на година, туку се кажува на дати, со кој е стрикно регулирано сега. Меѓутоа, овој дополнителен амандман е сосема набрзина направено, дали не му текнало на предлагачот да си одреди дата. Ако е 4 месеци овој закон веројатно ќе се објави до крајот на месецот и треба да важи од 1 март. До 1 март можат многу работи да се решат. Може дури да се предложи тој закон што го чекаме долго време во Парламентот.

Од тие причини, мислам дека овој закон Владата треба да си го повлече, а доколку не го повлече, јас би гласал против него. Благодара

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Михајло Георгиевски.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Колега пратеик Ефтим Маневски, вие сте правник и добро знаете дека ние сме основачи, а денеска не зборуваме за некоја одлука на МТВ со што таа ни предлага третиот да помине на Втор канал и Вториот на Третиот, туку зборуваме за Предлог закон за основање МРТВ. Што значи формално-правниот основ да расправаме тука е исполнет.

Друго, не држи тезата дека досега не сеноселе вакви закони и немало пракса во нашето парламентарно искуство да се носеле закони со одложено применвување.

Да потсетам вашиот концепт за корупциската комисија, вие го одложивте, додека не дојде новата Влада. Додека ние не дојдовме на валст. Имаше ли преседан тогаш. Имаше. Ние што да предложиме денеска вие ќе го појкотирате. Јас

знам, свесен сум дека со ова ние не го решаваме концептот на МТВ денеска.
Овој закон нема таква амбиција. Овој закон има амбиција само д аи припомогне на МРТВ да направи еден бесплатен канал, а тоа во моментот е Третиот канал, за кој нема да треба средства, во смисла на тоа дека ќе се пренесуваат седници од тука, што значи нема да се прави програма, нема да учествуваат актери програма да прават. Мислам на новинарите. Што значи ќе се пренесуваат само дирекни преноси или одложени преноси.

Второ, тоа е многу транспарентно за граѓаните кои сакаат да го видат тоа и ќе го добијат од нас. Сега, со укинувањето на Вториот канал, кој се прави канал на националностите, таа програма ќе се прави и таа програма ќе чини. Сега чинеа двете програми, бидејки Вториот канал ем пренесуваше програми од Парламентот, мораше другиот дел да го дополнува, МТВ со квалитетна програма, со ангажирање на луѓе на средства и да прави нова програма. Во тој случај се плаќаат две програми. Колку за искуство ќе ви кажам, бидејки колегата прет тоа зборуваше за искуства. Русија толкава земја има еден државен канал, Бугарија толку голема земја , има еден државен канал. Што значи, целта е на тоа да добиеме квалитетен канал, во кој ќе може да се пласираат и вредностите и државните интереси, да не се скрати културата, да не се скрати она што е битно за државата што треба да се пренесува и ќе отвориме шанса да се прави медиумско дејзенирање во квалитетниот државен канал. Ништо не губи Македонија. Македонија е сиромашна земја, за да може да си дозволи луксус од три канала.

Мислам дека ова решение не го решава концептот, тоа е илузија ако се мисли така. Ние допрва треба да расправаме. МТВ ни поднесе програма. Грешката е што не расправаме 15 месеци за програмата во парламентот. Се бара 12 милијони евра за дигитализација на програмата. Треба да го направиме тоа. Треба 50 иљјади евра за телетекс. Тука ако можеме ние да помогнеме од Буџетот да изнајдеме средства ако има добра воља.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Манев, имате ли една минута контра реплика.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Јас незнам во кој дел сме во спротивно размислување со почитуваниот колега, кој што реплицираше. Скоро исто зборувавме. Кај мене разликата тоа што го зборува тој, сметам дека МРТВ нема потреба од закон, тоа да го направи и без закон. Дали е бесплатен Канал 3 или не, кој и забранува и што пречка би направило тоа, ако не е регулирано во законот.

Сметам дека нема причина, ако не постои нешто друго скриено, а по однос на фактот за тоа што колегата сакаше да ме поучи како правник, дали можело одложено. Може и те како. Јас кажав дека не на месеци, туку треба да се регулира 1 март. Тоа е 4 месеци. Многу појасно и чисто, отколку одложено на 4 месеци. Исто зборувавме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ги молам пратениците да влезат во салата, бидејки треба да пристапиме кон гласање.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Седницата и онака трае до 16,00 часот, ќе причекаме кворум, до 16,00 часот, а потоа ќе ја прекинам.

Ќе продолжиме утре во 10,00 часот тогаш.

Ги молам пратениците да седнат на своите места, да го утврдиме точниот број на пристуни пратеници во салата.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 57 пратеника.

Уште еднаш ги молам барем четворица од опозицијата, ако сметаад дека треба да влезат, да влезат.

Бидејки очигледно, се користи легална политичка борба, ја затворам овдека седницата. Продолжуваме утре во 10,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 16,00 часот).